## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Шестото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 август 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Добредојдовте господа пратеници.

Ви посакувам добредојде после летните одмори се надевам дека еден месец беа доволни да се одмориме и да продолжиме со нашата вообичаена работа.

Денес се неколку продолженија на незавршени седници, но пред тоа процедурално да ги прочитам кои пратеници се најавија дека ќе бидат отсутни.

Продолжуваме со работа по Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благородна Мингова-Крепиева, Славица Грковска, Весна Борозан, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Каролина Ристова и Али Ахмети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 17 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓо Костадинова имате збор.

Да бидеме помалку ентузијасти, знам дека сега имаме енергија или во најмала рака да бидеме пократки.

**Емилија Костадинова:** Почитуван господин претседателе, почитуван господин министре, колеги и колешки пратеници.

Сосема накратко, за да не помине незабележано во јавноста ќе земам збор по Предлогот за донесување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал, со Предлог-закон.

Потребата за донесување на овие измени се наметнува со привршување на процесот на трансформација на претпријатијата со општествен капитал и укинување на Агенцијата за приватизација на Република Македонија. Но, од причина што сеуште постојат акции и удели на државата во претпријатијата и банките односно во трговските друштва, надлежностите за водење на стручно административните работи, мора да се пренесат на некој друг соодветен субјект, кој ќе ја заврши таа работа додека сеуште постои непродаден државен капитал. Законот што ни се нуди се дефинира државниот капитал како акции и удели на Република Македонија и органите на државната власт во претпријатијата и банките, односно во трговските друштва, кои што тие го стекнале по разни основи, но не надвор од законската регулатива.

Покрај дефинирањето на државниот капитал, се прецизираат и органите на државната власт, а тоа пред се се буџетските корисници, министерствата, агенциите, фондовите, без Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, потоа јавните установи и јавните претпријатија, односно сите оние органи и институции кои што се основани со средства во државна сопственост.

Суштински измените во Предлог-законот накратко се состојат во тоа што сега надлежностите на укинатата Агенција на Република Македонија за приватизација ќе ги преземат односно се пренесуваат на три други постоечки субјекти и тоа Централниот депозитар на хартии од вредност, Министерството за економија и Министерството за финансии, а тоа е се со цел да се овозможи продажба на државниот капитал од страна на Владата на Република Македонија.

Сега, накратко кои се ингеренциите што ќе ги превземат гореспоменатите институции откако ќе се донесат измените и дополнувањата по овој Предлог-закон на денешната собраниска седница.

Прво, Централниот депозитар за хартии од вредност согласно изменетиот член 4 ќе ја превземе евиденцијата на државниот капитал во претпријатијата и банките односно во трговските друштва.

Второ, Министерството за економија ја превзема продажбата на државниот капитал изразен во акции и удели во претпријатијата, а чија што пак почетна цена ќе ја утврдува Комисијата за приватизација во согласност со одредбите од сеуште важечкиот Закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Трето, Министерството за финансии ќе ја превземе надлежноста за продажба на државниот капитал што го има во вид на акции удели во банките и на акциите на финансиските институции. Значи, со овие измени што денес ни се нудат ќе имаме разграничување на надлежностите, а тоа што не се менува во постоечкиот Закон е што досегашната Комисија за приватизација при Владата на Република Македонија останува и понатаму, но со тоа што сега организационите и стручните работи за нејзини потреби ќе ги врши Министерството за финансии, наместо укинатата Агенција за приватизација. Сега, Комисијата ќе добие

проширени надлежности и нејзе и се пренесуваат овластувањата за продажба на акциите и уделите издадени во корист на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, а таа го задржува и правото да и предлага на Владата именување на лица за претставници на државниот капитал.

Аналогно на тоа какви акции  и удели ќе се продаваат, дали во претпријатијата или во банките, налогот за продажба ќе го издава министерот за економија или министерот за финансии. Акциите и уделите што ќе се предмет на продажба се изразуваат во едра, наместо во германски марки, а плаќањето е во денари или во соодветна странска валута кога купувач се јавува странско лице.

Како што произлегува од ова кратко образложение сето она што не е завршено во долгиот и бавен транзиционен процес на приватизација, сега останува да го завршат трите напред наведени субјекти чии што надлежности и интеренции се проширувaат и надополнуваат за сметка на еден укинат субјект односно за сметка на Агенцијата за приватизација на Република Македонија.

Со претходно донесените измени во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал објавен во "Службен весник на Република Македонија" број 31 од 2003 и 38 од 2004 година, вработените и имотот од укинатата Агенција согласно донесениот закон ги превземаат девете министерства и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, а дел од недвижниот имот и Јавното претпријатије за стопанисување со станбен и деловен простор.

Од аспект на одредена рационализација во луѓе и материјални трошоци и се она што ќе се заштеди со регулирање и довршување на овој процес, ќе гласам позитивно за прифаќање на измените и дополнувањата на Законот за приватизација  на државниот капитал онака како што ни е предложен.

Ова е сосема накратко во прилог на прифаќање на понуденото законско решение.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок, но притоа ги молам пратениците да влезат во салата.

Присутни сме 58 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата, имаме доволно присутни само се некаде тука.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал.

Затоа, ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, 50 пратеници гласале за, 2 воздржани, нема против, а во салата се присутни, односно за време на гласањето беа присутни 65 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 51 пратеник гласале за, 2 воздржани, нема против, а во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 2 за менување на став 1 и на став 2 за додавање нов член 2-а по членот 2. Член 3 во новиот член 2-а без став 1, член 5 став 2 и на член 7 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, 50 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против, а во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал.

**Минуваме на точка 18 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави заменик министерот за транспорт и врски, можеби да даде воведно излагање.

Ве молам бидете кратки.

Повелете.

**Дејан Кошутиќ:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Законто за внатрешна пловидба е донесен во април 2000 година. Во спроведувањето и примената на Законот констатирани се одредени непрецизности на одредбите и оценето е дека одредени прашања треба да се доуредат со посебни законски одредби. Имено, со овој Предлог-закон извршени се терминолошки допрецизирања на Законот за внатрешна пловидба и усогласување со европските, технички и светски правила за пловидби на внатрешни пловни патишта. Заради остварување на поголема без бедност во внатрешната пловидба, особено во вршењето на технички преглед и утврдување на способност за пловидба на бродовите во внатрешната пловидба.

Предложените измени и дополнувања овозможуваат надминување на непрецизните и нецелосните решенија во постојниот Закон и остварување доследна и заокружена правна рамка во неговата примена, а се однесуваат на следниве одредби.

Во член 3 точка 5 извршена е промена од 15 метри на 20 метри должина на бродовите, заради усогласување со меѓународните технички правила за пловидба на внатрешните пловни патишта. Дополнувањето со нова точка 25, а во член односно превоз за трети држави од трети држави е оправдана и целисходна заради воспоставување меѓудржавна односно меѓународна пловидба на езерата во Република Македонија.

Конкретна потврда за неоправданоста од точка 25-а е веќе потпишана спогодба за отворање на бродска линија на Охридско езеро меѓу Република Македонија и Република Албанија. Допрецизирањето на дефиницијата на член 3 точка 30 капалиште наметнато од потребата што фигурацијата на природните и вештачките езера во Република Македонија е такван што овоЗможува користење на делови од брегот на езерата кои не се уредени со капалишта. Заради безбедноста на капачите, потребно е соодветно регулирање на пловидбата и на овие простори, заради што е неопходно менување на дефинирањето на капалиште. Недостаток во примената на член 12 во постојниот Закон е непостоење на пропишана обврска за организатор на спортската или друга приредба да предвиди мерки за безбедност на учесниците на манифестацијата. Децидно набројување на мерките не е предложено, со оглед дека спортските и други приредби што се организираат на внатрешните води се со различна содржина, при што видот на мерките за безбедност зависи од конкретната манифестација.

Од овие причини со овој закон се предлага организаторите на спортските приредби да достават податоци на мерки за безбедност при организирањето на спортските и други приредби. Се предлага додавање на нов став 1 од член 25, измена на точка 2 од член 93 во функција на допрецизирање на надлежноста на капетанијата на пристаништата и поедноставување на постапката за добивање одобрение за престој и пловење на странски пловни објекти на езерата во Република Македонија. Во овој контекст е предложна измана на член 52 став 2 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас.

Измените во член 27 став 3 и 4 на други членови се во функција на непречено утврдување способност на бродот за пловидба на внатрешните пловни патишта, а согласно меѓународните правила за пловидба на внатрешните пловни патишта и технички правила утврдени од Меѓународната асоцијација за класификација и стандарди.

Утврдувањето на способноста за пловидба на бродовите во Република Македонија во моментот го врши формирано од министерот за транспорт и врски трочлена комисија, заради утврдување на способноста за пловидба на пловни објекти во Република Македонија. Заради сложеноста и специфичноста во вршењето на преглед на бродови, ваквото решение е нецелосно и несоодветно. Истото не одговара на меѓународно прифатените стандарди во утврдувањето на способноста за пловидба на брод и не е во согласност со европските правила за пловидба на внатрешни пловни патишта.

Нецелосната стручна екипираност и немањето соодветна опрема за вршење на потребните преглед и надзор е ризик во безбедноста на внатрешната пловидба.

Од друга страна формирањето организација со услови предвидени во член 27 став 4 од постојниот Закон, а со структура на пловни објекти и категорија брод како метод во Република Македонија економски е неоправдано.

Следејќи го искуството на Република Словенија која го овласти Хрватскиот регистер на бродови да врши преглед на нивните бродови, оправдани и целисходни се предложените измени од Законот, со целдавање на можност за овластување на регистер на бродови од друга држава, што би давал услуги за потребите на Република Македонија.

Измените и дополнувањата кои што се предлагаат на членовите 48,77,83 и останатите се поради нивно допрецизирање за правилна и соодветна примена. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Гашовска имате збор, повелете.

**Цветанка Гашовска:** Благодарам господине претседателе, претставници на Влада, почитувани колеги пратеници.

Неколку моменти ги условуваат измените и дополнувањата на Законот за внатрешна пловидба.

Најнапред фактот што Законот треба да има европска содржина и европски призвук и иста таква примена, се разбира.

Исто така, нараснатите потреби на населението што живее на бреговите на македонските водени површини и секако се поголемиот број домашни и надворешни гости кои ги користат капалиштата, но и водениот сообраќај. И, секако, заради отворањето на меѓудржавна водена врска меѓу Република Македонија и Република Албанија односно линијата Охрид-Подградец, која има шанси да се реализира набргу, затоа што и Република Албанија на 20 јули 2005 година ја ратификува Спогодбата која ние веќе ја ратификувавме, а за тоа е известена капетанијата во Охрид. Тоа, убедена сум, ќе отвори простор и ќе повлече воведување на исти такви линии со Република Грција и на другите наши езера.

Безбедноста во внатрешната пловидба се однесува на пловните патишта, на пристаништата, на капалиштата, на самата пловидба на пловните објекти и екипажот на пловните објекти.

Од посебно значење е членот 4, односно додавањето на нов став 25 кој вели "за пристигнување на странски пловен објект во внатрешните води на Република Македонија, одобрение издава Капетанијата на пристаништето". Со оглед дека се работи за издавање одобрение на странски пловен објект кој доаѓа во Република Македонија со ограничено време на престој, усложнетата постапка за добивање одобрение создава проблеми и одолговлекување на водењето на истата. За таа цел, а во интерес на поедноставување на постапката и заради усогласување со сугестиите за воведување на едношалтерски систем, потребно е да се изврши измена, така што би изостанало добивањето согласност од Министерството за внатрешни работи. Ова е поткрепено со тоа што за влез во Република Македонија, странскиот пловен објект веќе е евидентиран од царинската служба и граничната служба на Министерството за внатрешни работи.

Со направената измена во цитираниот закон, капетаниите на пристаништата непречено ќе постапуваат согласно Уредбата за доаѓање и престој на странски јахти и чамци, наменети за разонода и спорт во езерата на Република Македонија.

Сигурноста на патниците во внатрешниот воден сообраќај се обезбедува со измените на член 6 односно се обезбедува технички надзор и услови кои треба да се исполнат за да домашно или странско правно лице добие дозвола за управување со објектите за пловење.

Членот 11 кој предвидува издавање на уверение за способноста за пловидба со вршење на преглед на брод и членот 13 кој предвидува технички правила кои се прифаќаат како прописи на Република Македонија , а ги објавува министерот за транспорт и врски.

Управувачите на пловните објекти, дури и управувач на чамец е должен да приложи доказ за утврдена здравствена спсобоност, како бшто е регулирано во членот 21.

Локалната самоуправа односно нејзиниот надлежен орган со претходна согласност од Пристанишната Капетанија треба да даде одобрение и да обезбеди место за прврзување односно сидрење на пловните објекти.

Со тоа ќе се подобри сликата на крајбрежјата на нашите езера, јас ќе речам на Охирдското Езеро чиј брег на многу места е узурпиран од превртени стари неригистрирани, регистирани и секакви чамци.

Со усидрување на пловните објекти на одредено место не само што ќе се подобри изгледот на езерските крајбрежја, туку и ќе се обезбеди сигурност во чувањето на пловните објекти.

Секако претстои уредување и одбележување на плажите по европски, светски терк. Тоа се покажа како неопходна потреба сите години нананзад, а особено ова лето и особено во Охрид, кое сеуште не е завршено.

Имплементацијата на законот за внатрешна пловидба и синхронизираното дејствување на Министерството за транспорт и врски, единиците на локалната самоуправа и капетаниите на пристаништата ќе направат вистински предизвик од воденото богатство во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам .

Повелете господине Балковски, имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба е професионално направен и ние ќе го подржиме, ќе гласаме за овој закон, меѓутоа се поставува прашањето што со донесување на овој закон ако навистина не се применува како што треба и не се применува во сите дејсноти кои што ги опфаќа законот за внатрешна пловидба.

Овој закон требаше да се донесе најдобро во месец јуни или јули кога ги имавме комисиите за транспорт и други комисии кои што го разгледуваа овој закон , така да со донесување на овој зкаон сега кога одморите поминаа мислам дека негова примена ќе чекаме дури наредната година кога ќе почне навистина да се применува овој закон, така да можам да кажам дека овој закон ќе закасни една година само заради неизгласување на овој закон во ова Собрание.

Со донесувањето на овој закон треба да бидеме сите сигурни дека нема да се решат сите проблеми со внатрешната пловидба особено што сеуште не се разграничени ингерециите помеѓу Министерството за транспорт и врски и локалната самоуправа особено во Охрид, Ресен и во Дојран, како и во другите градови каде што има вештачки езера. Мислам дека како прво навистина е многу важно тоа да се направи , а потоа само со применвуање на законот ќе биде во ред.

Друга работа е тоа што мислам дека многу се закасни во воспоставување на бродската линија Охрид - Струга - Поградец и овој закон ако го усвоевме порано оваа година требаше да има ваква бродска линија, меѓутоа да почекаме и да видиме дали и наредната година тоа ќе се направи.

Во секој случај за правилно применување на овој закон и за некои успеси што може овој закон да донесе треба да се доекипира Капетнијата во Охрид, затоа што ако сакаме да го применуваме овој закон како Република Македонија без стручни служби, зголемување на стручните служби и приширување на целокупната Капетанија што ќе биде одговорна за внатрешната пловидба во Република Македонија не можеме да очекуваме некои успеси, а ќе имаме закон кој што ќе биде во ред.

Значи, во секој случај имаме уште многу задачи ако сакаме навистина овој закон да отопочне со добра примена, а тоа се во најголем дел разграничувања на ингеренциите помеќу Капетанијата и Локалната самоурпава. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Балковски.

Госпоѓо Лалчевска повелете, имате збор.

**Ристана Лалчевска** : Благодарам господине претседателе.

Колеги пратеници, претставниви на Министерството би сакала да кажам неколку збора околу предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба, затоа што доаѓам од град каде што и тоа како му е важен овој закон и во надеж дека понудените решенија ќе помогнат во разрешувањето на состојбите во пловидбата кои се сега. А какви се тие, очајни би рекла, затоа што години наназад имаме узуррпирање на крајбрежјата на езерата, пред се зборувам за Охрид, а верувам дека состојбата не е поразлична во другите градови каде што имаме езера дали природни или вештачки, потоа состојба на нерегулирана пловидба или недоволно регулирана пловидба, неодбележани капалишта и неразрешени , пред се нерегулирани односи на релацијата Министерство за транспорт и врски, Локална самоуправа и Капетанија.

Сеуште во овој сегмен и со новите измени јас незнам дали ќе успееме да воспоставиме коректи и солидни релации меѓу овие надлежни фактори околу внатрешната пловидба за да можеме што поскоро да дојдеме до една мирна и безбедна пловидба во нашите внатрешни води.

Го поздравувам предлогот и ценам дека можеби е малку преамбициозен, не затоа што решенијата не се добри, решенијата се повеќе и од одлични, меѓутоа состојбите во кои се наоѓа внатрешната плобидба би требало со поголем напор и со надзор да се променат за да можат овие понудени решенија навистина да профункционираат односно законот да биде приуменлив.

Пред се треба да се обрне внимание и да се разрешат односите помеѓу Министерството и Локалната самоуправа односно да се зголемат ингеренциите на локалната самоуправа во овој сегмент, а потоа да се разрешуваат односите помеѓу локалната самоуправа и Капетанијата. Само со забрзан процес на воспоставување линг помеѓу овие субјекти кои се важни за внатреашната пловидба брзо ќе дојдеме до имплементација на сите понудени решенија, за кои уште еднаш ќе потенцирам дека се добри и квалитетно направени.

Затоа ЛП ќе даде подршка на овој Предлог за изменување и дополнување на законот со надеж дека со поголем надзор ќе се имплементираат што побрзо решенијата и се дадат надлежносите на Капетанијата да ги води работите, она што е дел на нејзината работа таа ќе треба да се зајакне и персонално и економски и ќе воспостави линк со локалната самоуправа, како би дошле до имплементирање на сите овие решенија.Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Бидејќи нема други пријавени за збор го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

(некои пратеници влегуваат во салата)

Во салата се присутн8иб 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесува на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 54 пратеника, од кои 52 гласале за заклучокот, двајца се воздржани, нема против, а во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 56 пратеника, 56 за, нема воздржан, нема против, а во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 4, член 6 за менување на став 1, во воведната реченица и на став 2 член 13, член 22, член 23, член 26, член 28, член 29 и на член 33.

Господине Кошутиќ со сите овие амандмани се согласи повереникот, дали вие се согласувате како претставник.

**Дејан Кошутиќ:** Да, амандманите се прифаќаат.

**Љупчо Јордановски:** Значи само ќе ги читам и ќе констатирам дека се составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 1 став 4 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 6 за менување на став 1 во воведната реченица и на став 2 поднесен од Законодавно-првната Амандманот на член 1 став 4 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 13 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 22 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 23 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот

Амандманот на член 26 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 28 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот

Амандманот на член 29 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 33 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Со тоа завршуваме со амандманите.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор, (никој)

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, 56 за, еден воздржан, нема против, а во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба.

**Минуваме на точката 19 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за избирачки список со Предлог на закон.**

Бидејќи немаме претставник од Владата оваа точка ќе ја одложиме и ќе поминеме на точката 20, за која претставникот е тука , пратеникот предлагач Славица Станковска.

**Минуваме на точката 20 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот , дописите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Законодавно-правната комисија и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор предлагачот, пратеникот Славица Станковска.

**Славица Станковска:** На почетокот ќе се обидам да ви ги објаснам причините поради кои сметав и сеуќте сметам дека се неопходни измените и дополнувањата на Законот за организирање јавни собири донесен 1995 година.

Ако се залагаме за демократско општество и правна држава тогаш слободите и правата на човекот и граѓанинот признаени со Уставот на Република Македонија и меѓународното право треба да ги уживаат сите граѓани на Република Македонија , а не истите да има селективен карактер. Тоа значи дека група на граѓани не смее да биде привелигирана да го користи уставното и законското право на организирање на јавни собири со цел да го изразат своето мислење и јавен протест, а на други граѓани да им бидат оневозможени или ограничени слободите и правата.

Организирање на јавни собири кои најчесто се проследени со поставување на блокади, или како што ќе напише еден наш универзитески професор "барикади" не само што станаа наШа секојдневна пракса, туку и имиџ или моден тренд.

Според тоа како стојат работите во државата организирање на јавни собири со цел остварување на некое право или изразување на јавен протест со уцена, блокади и употреба на сирени ако ја имаме во предвид нашата "креативност" во иднина ќе бидеме сведоци на многу новитети својствени само за нас.

Неразбирливо за некои, но не и за мене, зошто од страна на Владата , како и во некои коментари напишани во медиуми овој предлог на закон се толкува како ограничување на правото на јавно собирање во контекст на ограничување на правото на слобода на говорот.

Предлогот за дополнување на овој Закон не треба да се разбере во стилот кој тоа сака да го замолчи народот, туку има ли пилот во авионот. Ако премиерот е пилот и ако Владата е екипажот на овој авион кој се вика Македонија сите да имаат обврска мирно да го летаат и безбедно да го слетаат без разлика на одредени дефекти во Уставот на Република Македонија, според пишување на еден наш универзитетски професор кој ги дефинира правата и слободите на граѓаните

во Република Македонија , впрочем создавањето на правна држава  и демократско општество е процес кој покрај соодветни претпоставки потребно е и време.

Точно е дека во членот 21 од Уставот на Република Македонија децидно стои "граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола", но и по постојниот закон стои дека организаторот може да го извести Министерството за внатрешни работи за одржување јавен собир заради  безбедност на организаторот, додека во дадениот предлог воопшто не стои дека за одржување на јавен собир е потребна дозвола за собир.

Точно е дека предлогот на овој закон не кореспондира со член 21 од Уставот на Република Македонија , но е во согласност со членот 11 став 2, од Европската конвенција која ќе стане задолжителна за нас ако сакаме да станаме земја кандидат во ЕУ, а впорчрм тоа е и нашата цел.

Значи неопходндо е во овој дел хармонизација на нашето со Европското законодавство.

Од аспект на политички партиои, без разлика кои од нив се наоѓа во опозиција, дали СДСМ, било која од ВМРО, Демократска партија на албанците, ПДП и др. секој од нив сака како додатна енергија да го искористи своето незадоволство на одредена група на граѓани и преку соодветни блокади на инфраструктури , со евидентни последици во прометот, здравјето на граѓаните и блокада на економијата да направи додатен притисок врз владеачката структура, да го зголеми незадоволството кај граѓаните а со тоа ќе влијае на зголемување на сопственият политички рејтинг.

Каде се овде правата и слободите на останатите граѓани кои се наоѓаат од друга страна на блокадата, да не речам барикадата? Сигурно е дека многу поголем е бројот на оние граѓани на кои им се скратуваат уставните права и слободи од оние кои сакаат со блокада да анимираат неккое свое право. Зарем потребата на одреден број на граѓани со цел да го свртат вниманието на други граѓани за работи кои тие сметаат дека се важни треба да се одвиваат за сметка на друг дел од граѓаните во ограничување на нивните права и слободи како што се слободно да се движат, работат и комуницираат. Што да кажат за нашата правна држава домашните и странски превозници на лесни и тешки товарни возила кои на плус 36 степени надвор, а во кола и до 60 степени со часови чекаат на магистралните патишта за влез и излез од Македонија, а исто така и на регионални патишта. Кој на блокадата може да процени дека студентите, стопанствениците, трговците со својата стока без, или со рок на траење денеска, утре, или незнам за колку дена нема и не смеат да поминат додека организаторите на јавниот протет не проценат дека со оваа постапка ќе го добијат правото кое сметаат дека го имале. Кој го има тоа право со поставување на барикади, со користење на сирени да ги малтретира тешко болните стари и немоќни лица, бебиња, или деца што не можат да отидат во градинка, на училиште или на лекар? Кој од организаторот може, сака, или знае да процени дали болниот со субспецијалистички упат, или без него може, или не може да помине за да направи консултација со релевантниот доктор, клиниката, со што ќе ја потврди, или смени терапијата заради одржување на виталните функции на организмот. Дали болни со задолжителна терапија како на пример хемотерапија, дијабетис мелитис, тромбоцитопенија, панкреатитис и незнам уште кои не други болести од која им е загрозен животот треба да се малтретираат, да бараат алтернативни патишта за да стигнат до релевантна медицинска установа. Зарем полицијата во вакви случаи ја има обврската да врши арбитража за да го зачува јавниот ред и мир. Поради можниот ризик од нарушување на истиот од можен конфликт на интереси кои ќе се јават кај граѓаните од двете страни на барикадите, или како што неодамна прочитавме во пишаните медиуми дека полицијата ќе поднесе кривични пријави против организатори на блокади. Јас се прашувам, по кој закон тие ќе го сторат тоа? Зошто ни се тогаш потребни останатите институции на системот, зошто сме тогаш ние овде во Парламентот? Ние впрочем и затоа седиме во овие клупи, да ги браниме интересите на сите граѓани кои всушност и не избрале. Но, и да ги потсетиме оние што ние сме ги избрале на одредени обврски и ветувања кон граѓаните кои се занемарени, и нема да претерам ако кажам дека и заборавени. Но, да се навратам од потребата од толкување, односно дообјаснување на некои делови од овој Предлог закон за кој сметам дека некој може, но не сака да ги разбере.

Соодветно место за одржување на јавен собир не е некоја ливада на Бистра, не на Голак, ниту дивината на Криволак. Како што ќе напише еден универзитетски професор со заземање на став по предлогот за донесување на измени и дополнувања на Законот за јавни собири. Според она што најчесто се користи како мотив за организирање на јавен собир соодветно место би било пред Владата, пред Собранието, пред локалната самоуправа, пред соодветно министерство итн., но сигурно не пред градинки, училишта, болници, сообраќајници,  како и во случај и  на места на кои ќе се загрозуваат правата и слободите на оние на кои дневните обврски им се од животно значење, пазарно стопанисување, собирање на летнина, здравствени проблеми, проток на луѓе и добра и ред други лични потреби кои не мора да бидат од јавен карактер. Тоа дека собирите ќе имале карактер да анимираат што поголема група на луѓе за соодветни ставови, се вика собир на политичка партија и се одвива по правилата со кои до ден денешен партиите ги одржуваат своите

протести, или промотивни митинзи и тоа право ниту е спорно, ниту некој некому му го ограничува.

Конечно по сите мислења и дилеми кои се јавија за донесување на еден ваков предлог за донесување на закон за јавни собири неодминливо се наметнува прашањето кај одреден дел од граѓанството што е демократија? Дали демократија е каде сакам се можам да правам и никој ништо не ми може, или демократија е правна рамка која ги обезбедува правата на сите, напоменувам на сите граѓани без разлика на која целна група припаѓаат.

Сега ќе дадам само неколку цитати од пишаните медиуми актуелни во поново време. Во весникот "Време", од написот "Револтирани патници удираа по автобусите". Цитирам: "Колони од повеќе километри автомобили со македонски таблички, странски туристи од Турција, Словенија, Србија и Црна Гора, Унгарија и Германија и други земји речиси три часа чекаа на автопатот Ф-75 во близина на Градско поради штрајкот на легалните автобуски превозници од земјава". Уште еден цитат: "Револтирани патници влегуваа во паркираните автобуси, удираа по ѕидиштата, се заканувaa, имаше и вербални дуели, на еден автобус му скршија светло, и ги фрлија регистарските таблички итн.". Да не спомнувам што пак за оваа проблематика во својата колумна напиша еден наш универзитетски професор кој се враќал од Охрид, а во раните утрински часови бил запрен кај Кичево. Сега, и од една анкета спроведена во еден наш пишан медиум, од прашаните пет граѓани само еден граѓанин е против законот, сигурно ќе го прочитам и тоа, Марјан Спировски, ограничувања што ги предвидува законот за јавни собири се безсмислени, оваа држава е демократска и народот има право да си го искаже своето мислење и незадоволство кога сака и каде сака. Владата не смее да ги крати овие права бидејќи тие ни се загарнтирани со Устав. Љубомир Атанасовски, организирање на масовни собири како што се штрајковите и политички митинзи треба да се најави најмалку десет дена однапред. Секој граѓанин има право да живее во услови на јавен ред и мир. Масовните собири го нарушуваат тој мир и затоа треба да се најават навреме за да се обезбеди дополнително обезбедување. Законот за јавните собири е поригорозен, но во ова време во кое живееме не смее да биде поинаку. Друг граѓанин Драган Мишиќ, штрајковите треба да се најават на време, но 30-тина дена однапред како што предвидува новиот закон за јавни собири, мислам дека е премногу. Овој граѓанин очигледно не го читал предлогот. Во предлогот стои 48 часа пред одржување на јавен собир. Најважно е јавните собири да бидат добро обезбедени, да се зачува мирот. Треба да има таков закон да ги регулира условите под кои тие ќе се одржуваат. Мора да постои некаков ред, но бидејќи станува збор за маса луѓе, ситуацијата лесно може да излезе од контрола. Државата е должна да испраќа обезбедување на места каде се одржуваат штрајковите, затоа што неретко ситуацијата може да ескалира и да настрадаат невини луѓе. И уште едно мислење, ригорозните услови за организирање на штрајковите што ги предвидува законот за јавни собири се повеќе од потребни за да се зачува безбедноста. И штрајковите треба да бидат организирани според јасни правила, ако не постои овој закон, ќе имаме анархична состојба, секој кога сака ќе си организира протести. После сето ова јавно се прашувам и себе, ја прашувам и Владата, зарем овие измалтретирани граѓани кои се во поголем број од оние кои протестираат го немаат загарантираното уставно и законско право на слобода да стигнат на време таму каде што намериле и да завршат работа за која тргнале. И кој според Владата треба на овие граѓани да им го гарантира демокрактското право на слобода на движење? Почитувани, искрено се трудев да го разберам објаснувањето на Владата како и причините поради кои на Собранието му предлага да не го поддржи Предлогот за измени и дополнување на законот за јавни собири, но за жал не успеа. Но, сепак би изразила благодарност на Владата што ме удостоила со едно вакво опширно образложение, иако лично сметам дека немало потреба од препишување на добар дел од Уставот, бидејќи на нас, барем на пратениците претставници од овој највисок законодавен дом одредбите од истиот ни се добро познати.

Во преостанатиот дел ќе се обидам да дадам краток коментар по текстот на законот, за да не излегувам повторно, а исто така и ќе го прокоментирам образложението од Владата. Што е она што го предвидува законот според член 1. Правото на граѓаните на јавно собирање и слободата на говор на јавниот собир во одделни случаи можат да се ограничат за да се спречи дејствување на граѓани насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија и кон поттикнување или повикување на воена агресија, или разгорување на национална, расна или верска омраза, или нетрпеливост. Ова е колеги, дел од Уставот. Тука воопшто ништо не е спорно во Предлогот за измена и дополнување на законот.

Во членот 1 по зборот "собири" се додава само "повеќе од 20 луѓе". Ако ова суштински му штети или го менува законот, незнам како да го коментирам.

Членот 4 се менува и гласи: Во членот 3 по ставот 1 се додава нов став кој гласи "известување за јавен собир од став 1 на овој член се поднесува во подрачна единица на МВР на чие подрачје се одржува јавниот собир најдоцна 48 часа од почетокот на одржување на јавниот собир". Впрочем и според законот кој е на сила донесен во 1995 година стои дека организаторот може да го пријави организирањето на јавен собир до МВР.

Членот 4 и 5 се однесуваат на казнени одредби кои се усогласени само со законот за прекршување кој е на сила.

Краток коментар на образложението на Владата. Владата добар дел од одредбите од Уставот препишала. Но, јас ќе ви кажам дека воопшто и не се спорни овие членови и се во согласност со Уставот. Според кажувањето на Владата една од темелните вредности на сставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право утврдени со Уставот. Не е спорно, но слободите и правата, пред малку посочив дека не треба да имаат селективен карактер. Тие треба да бидат ии тие треба да ги уживаат сите граѓани на Република Македонија без разлика дали се дел од група на граѓани кои организирале јавен собир, или протест, или се наоѓаат од другата страна. Согласно член 16 став 1 од Уставот на Република Македонија се гарантира слободата на уверување, совеста, мислата, јавното изразување на мисла. Слободата на мислата Уставот ја определува како апсолутно право на човекот без огрничување. Ова загарантирано право го имаат граѓаните и согласно постојниот закон, а со измени и дополнувања се ограничува правото на говор само согласно со Уставот на Република Македонија. Оттука произлегува дека со закон не може да се ограничи право на јавно собирање, ниту е претензија, ниту пак со овие измени и дополнувања некој некому да му го ограничува правото да организира јавен собир. Но, реков, и во постојниот закон стои: пријавување на јавен собир од безбедносни причини, но со законот се прецизира временскиот рок во кој треба да се најави од страна на организаторот организирање на јавен собир, или протест. Затоа реков колку и да се трудев, не успеав, а како човек кој предава егзактна наука хемија, јас сакам да ги видам работите. А јас ги гледам онака како што ви ги пренесов. И однапред ви благодарам за разбирањето. Но, упатувам, без разлика на мислење на Владата, да гласате според својата совест и свест.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Станковска.

Има збор господинот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван пртседателе, колеги пратеници, колешке предлагач, значи јас се јавив со единствена цел за поддршка на овој законски предлог, односно за изменување и дополнување на Законот за јавни собири од колешката Славица Станковска. А тоа би го поткрепил на начин што лично сметам дека она што е предложено пред нас пратениците ќе најде своја практична применливост од аспект на тоа што ние години наназад имаме немили настани каде што одредена група на граѓани незадоволни на било каков начин своето незадоволство го изразуваат со блокади, посебно говорам на регионалните и на магистралните патишта каде што, ако не се лажам пред извесно време имавме еден немил настан каде на патарината на патот Тетово-Скопје имавме едно сериозно повредено лице кога група граѓани бивши резервисти имаа свој јавен собир. Така што од тој аспект верувам дека ова што е предложено ќе си најде своја реална практична применливост и верувам во искрените намери на предлагачот, колешката Славица Станковска. И затоа мислам дека ова решение треба да биде поддржано. Ако ние продолжиме во овој ист правец, значи секој своето незадоволство да го изразува со блокирање на одредени регионални и магистрални патишта, утре ќе им текне на одредена група граѓани своето незадоволство да го изразат и на границите и да ги затворат и границите, како што сме тргнале. Значи, мислам дека време е да се стави ред во тоа. Неспорно е тоа секој да го изрази своето незадоволстов, меѓутоа, да има место и начин како тоа ќе си го направат граѓаните на Република Македонија, со тоа што правото на останатите не би било во ист момент загрозено. Од тој аспект давам целосна поддршка на предложениот проект.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, дали ние имаме претставник на Владата по оваа точка? Немаме.

**Љупчо Јордановски:** Нема потреба.

**Стојан Андов:** Пред нас имаме многу интересен предлог и треба сериозно да се однесуваме. Се бара да се воведе ред во протестирањето, во изразувањето на граѓаните на своето незадоволство, се бара тоа временски да се димензионира од напред колку долго, иако постои одредба да се пријави протестот, значи тоа не е доволно. Потоа, местото каде ќе биде, а некако низ објаснувањето се бара да не протетираат граѓаните бидејќи ние имаме институции, имаме Парламент и тие треба да ги решаваат прашањата. Тоа овој закон сакал, или не, овој предлог кој го имаме сега ги надминува моменталните рамки и моменталните инспирации кои ги има нашата колешка пратеничка за да го поднесе. Еден мој пријател колега нејзин, професор на Медицинскиот факултет во Скопје на одмор тргнал од Охрид преку Битола, Лерин и Воден да оди на Халкидики, таму еден негов колега од Солун, од Солунскиот факултет требало да го сочека, да се сретнат. Ја поминал границата и кај Лерин му рекле: не може на Воден за Солун, ќе одите на Кожани долу Паверија и тоа е многу далеку. Што е причината? Вели, земјоделците протестираат, ги блокираа патиштата, не се задоволни од цените на пазарот. Ние на нашите земјоделци ќе им кажеме: ќе ве водиме во Европа, ама како што протестираат во Европа ако нешто не ви е право, ние ќе ви забраниме однапред, бидејќи ќе има незадоволници кои на патот ќе протестираат. Се разбира, тие одат да протестираат на патиштата

затоа што сакаат да им обрнат внимание сите тие што поминуваат, затоа што се погодени нивните интереси. Малцинство се па сакаат да го обрнат вниманието на мнозинството, да добијат поддршка. Знаете, имало и поинакви начини. Вие сега гледате вести од Португалија, од Шпанја, од Франција кога путер истураат на патиштата, ги затвораат магистралните патишта, истураат вино, и протестираат со денови итн. Ние тоа сега ќе им го забраниме. Имало и таква практика, да речеме за време на Јустинијан - први, исто биле дозволени протестите, но само на хиподромите. Секој од граѓаните кој сака да протестира и е незадоволен од нешто ќе треба да оди на Хиподром и таму ако собере доволно луѓе. Луѓето дури се собирале, не биле тоа партии, се викале дени, зелените и сините, ама таквото задушување на незадоволството и терањето само на едно место да можат да искажат револт и незадоволство, за малку ќе го чинело и круната и главата Јустинијан. Експлодирале задоволствата па се прошириле низ цел Истанбул и избегал, го сокрила жена му Теодора. Според тоа, треба да има вентили каде ќе се искаже револтот и незадоволството кое може да биде и неправилно виден од надлежните институции, од нашите институции, воопшто земено немаат голем капацитет. Сеуште ние не сме изградиле доволен капацитет на нашите административни институции да можат да ги решаваат ажурно и ефикасно прашањата што се однесува за квалитетот на животот на граѓаните и граѓаните имаат право да протестираат. Затоа мислам дека Владата покажала, знаејќи ја поточно состојбата, од нашата колешка покажала од неа поголем демократски капацитет и ни предлага да не го прифатиме овој закон. Има многу работи што и замерам на Владата, овој пат мислам дека се во право и ние не можеме да го прифатиме овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика госпоѓата Славица Станковска.

**Славица Станковска:** Ќе бидам мошне кратка. Колега го почитувам вашето мислење, впрочем, и вие сте предлагач на законот за јавни собири. Но јас сметам дека 10 години искуство за еден ваков закон, се релативно добро време за кое можат да се увидат аномалиите и недореченостите во законот.

Точно е дека граѓаните имаат право на изразување на јавен протест и ј авно несогласување, или да го искажат своето мислење, но незнам зошто така коментирате. Во овој Предлог на закон воопштоне се лоцира местото на кое можат граѓаните да се организиеаарт, или да организираат јавен собир. Но ќе се согласите со мене, точно е дека на некој начин не се ограничува правото на искажување на мислење, но на некој начин се ограничуваат местата на кои тоа може да се направи. Дали вие не сметате дека со остварувањето на сопственото право, мене некој не ми го ограничува правото на слободно движење и слободи кои ги уживам, или треба да ги уживам јас, со тоа што тој ќе го искажува сопственото незадоволство. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Андов, иако не се пријавивте на време, ќе ви дозволам една минута контра реплика. Ве молам, тука постојат некои правила, ако имате намера да дадете контра реплика, притиснете го копчето. Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Еве повторно се обиде нашата ценета колешка да ни дообјасни, дека ќе ни го доорганизира друштвото и ќе ги зашти оние што сакаат да одат некаде и да прошетат и што им е ускратено правото на протести и демонстрации. Со такви оправдувања има историјата докази за воведување на вистински терористички мерки према граѓаните. Затоа ве молам да не се служиме со тоа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе. Почитувана колешке, еве пред нас се најде еден закон од пратеник. Вашето размислување го пренесовте во овој Предлог закон, кој што е пред нас, но очигледно дека и вие ги имате дилемите и покрај тоа што овој закон се наоѓа кај нас повеќе од два месец, затоа што еве денеска предлагате два амандмана на вашиот закон, кој што ги добивме на почетокот на седницата. Значи дилемите и нејасностите околу она што е предлог на текст, кој што треба да го разгледаме и ние како пратеници, да се согласиме или не, со истото, мислам дека ќе останат уште доста дилеми за некого, за мене нема дилеми, затоа што начинот на кој што функционираме како општество, апсолутно, ако го земеме и правото на протести, ќе дојдеме во една ситуација, и така стануваме безлични и ќе станме скроз безлични и тука ќе заврши целата приказна, затоа што во членот 1-а, што го имате предложено уште во првиот став, каде што пишувате правото на граѓаните на јвано собирање може да се ограничи заради заштита на слободата и правата на другите граѓани, на правниот поредок, јавниот морал, имотот, животот и здравјето на луѓето. Јавниот морал, апсолутно, не го гледам тука, затоа што јавниот морал кај луѓето кои што ја претставуваат власта и официјалните личности, веќе и кредибилитетот на самата власт која што владее е доведен во прашање, така да ова како пишување, јавен морал, дали воопшто во моментот постои во Република Македонија, тоа е големо прашање.

Понатаму, во вториот дел во кој што го давате и амандманот, јас имав моја забелешка, каде што стои, "или било кој друг вид на нетрпеливост". Било кој друг вид на нетрпеливост, апсолутно недефинирано и во овој амандман на крајот кажувате: "национална, расна и верска омраза" сето тоа е во ред и покрај тоа што јавните настапи на нашите личности, на луѓето од политиката,

доведуваат до ситуација, каде што овие говори се пренесуваат дирекно во јавните гласила, а не за оние што организираат протести. Значи ова го гледаме и сведоци сме сите заедно со граѓаните на Република Македонија дека вакви пораки доаѓаат од луѓе што се и во власта, луѓе од политички партии, водачи, така да ако ова вие го ограничите кај некој што едноставно не може да го реализира своето право на имот, или своето право на работа, тогаш доаѓаме во една многу непријатна ситуација и понатаму не го дефиниравте. Останува "нетрпеливост". Колку сме во овој момент нетрпеливи и колку можеме да се почитуваме меѓу себе, тоа е повеќе од очигледно и таква работа мислам дека многу тешко ќе можеме да ја направиме.

Од друга страна кажувате дека со часови граѓаните чекаат. Апсолутно и ние сме меѓу тие граѓани кои чекале и кои чекаат и на тој начин се изразува револтот на оние кои што имаат да кажат нешто. Но за жал, и како нација и како луѓе, и како држава, и како граѓани на оваа Република Македонија, никогаш не ни смета кога ќе застанеме 6, 7 или 20 цела недела да чекаме на некој граничен премин, или ако истото се случува во соседна Грција кога имаат протест земјоделците, затоа што не бил откупен годинашниот род на портокали, ние ќе застанеме и ќе чекаме, кажуваме дека тоа е право, слобода, демократија. Но кога тоа ќе се случи во нашата држава, тогаш тоа станува проблем. А проблемот, не се обидуваме да го решиме и тоа дефинитивно е така. Затоа што со години ни се случи блокадата и кон Србија и кон Грција, апсолутно нема никаква реакција. За правата на граѓаните, кои сакаме да бидеме сите еднакви пред Уставот, имаше многу моменти кои државата требаше да интервенира и да ги заштити сопствените граѓани, во однос на она да бидат рамноправни, дали е тоа приватизација, дали е тоа носивоста на државјанството на Република Македонија и реализација на правта што доаѓаат од тоа, но тоа не се случи. Значи на овој начин, ние покажуваме секогаш трпеливост кон оној што е надвор од нашата Република и наоѓаме оправдување, а се друго не можеме да го оправдаме и не можеме да се најдеме се додека не дојдеме ние во ситуација да протестираме и да го бараме нашето право и тогаш со овој закон што вие го предлагате сега, ќе се донесете утре самата себе во ситуација и самите ние да не можеме да го оствариме нашето право, затоа што ние како пратеници ќе треба ова да го донесеме и тука да се заврши цела ситуација.

Не би се согласилисто со членот 3 за кој што имавте мал коментар, каде што стои: "јавен собир заради мирно изразување на мислење, или протест, може да се одржува на секое место кое е соодветно за таа намена". Тука апсолутно немате дефинирано дали тоа универзитетски професор ќе го каже или некој од нас пратениците, или воопшто оние што протестираат, такво место за таа намена, јас незнам. Затоа што и пред Влада и пред Парламент, повторно се блокираат улиците и повторно доаѓаме во ситуација некој да не може да пристигне во Градска болница, или не може да помине кон Собранието на Град Скопје, или незнам што, но во секој случај, повторно се случува истото. Значи она што го напомнавте во вашето говорење, апсолутно, не е ситуација каде што токму тие се местата, Владата, Собранието, локалната самоуправа, но верувајте ми дека некогаш можете со денови да седите и никој да не ве погледне, ниту да ве прими за жал, што се случува. Тоа апсолутно треба да се избегне и треба овие јавни собири кои што претставуваат апсолутно, презентација на она од што граѓаните се незадоволни. Значи тој магистрален пат Е 75 за кој говоревте и јас кажувам дека тоа е продолжение и кон Србија и кон Грција, со години беше затворен и тоа спсолутно ништоне ни сметаше ни за патничкиот, ни за редовниот превоз на патници и стока.

Понатаму во членот 3 кажувате еден од пасусите на други места, ако со оглед на времето на одржувањето, бројот на учесниците, или природата на јавниот собир, би можело да се попречи слободното движење и работата на граѓаните. Со ова, јас колку што можам да сватам Министерството за внатрешни работи, повикувајки се на овој член, апсолутно, не ќе може никој нигде да одржи некаков собир, затоа што ваква ситуација, јас апсолутно, не гледам. Вие кажувате да бидат повеќе од 20 луѓе. Значи и тие ќе ги броиме дали се 20, дали се 15, мислам дека нема да придонесе апсолутно никој ништо.

Во однос на членот 5, каде што кажувате на крајот се додаваат зборовите: "како и алкохолни пијалоци и опојни droги". Но во самиот закон кој што го менуваме со овој Предлог на закон во членот 5 стои: "лицата кои присуствуваат на јавниот собир не смеат да носат оружје и воопшто опасно орудие".

Јас мислам дека тука донесовме нов Закон каде што оружјето апсолутно е забрането кој било каде да го носи, најмалку на јавните собири. Значи овој дел веќе иако стои поправката, би требало во членот 5 да претрпи измена. Значи ова треба да отпадне, делот каде лицата не смат да носат оружје со што би биле казнети од 5 до 10 илјади денари.

Значи, генерално гледано ова што значи известување на Министерството за внатрешни работи, тоа е во ред, тоа и сега функционира, но со самиот закон ние правиме едно ограничување. Јас знам дека со реализацијата на демократскиот принцип, на едните се загрозува демократскиот принцип во однос на слободното движење, но во секој случај како држава мораме да одиме напред, тоа е факт. Факт е дека години station наназад ни се случуваат вакви рабори и не без причина, затоа што очекувајки од ден на ден да дојдеме во ситуација нештата да бидат подобри, ние за жал, доаѓаме во полоши ситуации и очекувајќи дека ќе имаме уште погоелми реакции, мислам дека

правото на граѓанинот е единствено ова, каде што може да го искаже својот револт, дали тоа ќе биде пред Владата, на улица или на друг начин, затоа што и зборот улична демократија не сме го измислиле ние и не ќе можеме да го забраниме ние, затоа што на крајот на краиштата, луѓето апсолутно, немаат друго место каде што би го искажале својот револт, затоа што гледаме дека функционирањето на власта со граѓаните е многу тешко и начино на кој што тие доаѓаат до своите права, апсолутно се принудени на овој начин да ја загрозат и демократијата према останатите граѓани во општеството.

Затоа мислам дека треба да работиме на свеста на граѓаните и треба да се работи на подобрување на вкупното живеење во државата, што ќе донесе еден ден до ситуација, овој закон можеби, воопшто да го нема. Во таква ситуација и во најдемократските држави во Европа, мислам дека секојдневно ги гледаме тие реакции на тие земјоделци, или незадоволни работници било каде во светот, посебно во Европската унија, мислам дека апсолутно ова ќе не врати назад и нема да бидеме ништо поблиску до онаа ситуација која што треба да ја донесе Европската унија. Благодарам.

(Со седницата продолжува да преседава господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Три минути реплика за госпоѓа Славица Станковска.

**Славица Станковска:** Колега јас би била најсреќна кога воопшто би немало потреба од одржување на јавни собири. Тоа би значело дека во државата се функционира онака како што треба по мерка на граѓанинот.

Исто така, задоволството би било заедничко и на оние кои протестриаат и на оние кои ги поддржуваат, до колку јавните собири би резултирале со решенија кои ќе бидат во интерес на граѓаните кои ги организираат јавните собири. Од исксутво, не само јас, сигурно сите знаеме дека не еден, туку скоро ни еден јавен собир не резултирал со решение кое ќе биде во функција на надминување на состојбите, поради кои се организира јавен собир. Не знам колегите дали не ја разбраа намерата, или норамлно, така тие ги гледаат работите, постојано се алудира од колегата дека некој некому му го ограничува правото на јавен собир. Јас би сакала колега да ме потсетите и да ми укажете, јас тоа не го гледам ни во Законот кој е во сила, ниту пак во овој Предлог, со кој член тоа некому му се ограничува, односно му се ограничува правото за искажување на јавно мислење, за организирање на јваен протест. Овде за она што рековте не може тоа да се ограничи каде. Нека биде било каде, таму каде што сметаат граѓаните, но не таму каде што ќе им ограничи право на поодделна група на граѓани.

Вие колега го спомнавте член 1-а, но јас ќе го цитирам дословно и ќе ви кажам дека: "правото на граѓаните на јавно собирање и слободата на говор на јавен собир во одделни случаи можат да се ограничат да се спречи дејствување на граѓаните насочено кон насилство, уривање на уставниот поредок на Република Македонија и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна, верска или друг вид на нетрпеливост". Колега, ова децидно стои во Уставот на Република Македонија, што значи јас воопшто не го измислив ова што го пишува.

Рековте и вие, а еве и јас уште еднаш ќе спомнам за известување на јавен собир,односно можноста за известување на Министерството за внатрешни работи и сега постои и тоа не е нешто ново измислено, само се прецизира рокот кога тоа треба да се нарпави, а мислам дека некој рок и е потребен од безбедносни причини, односно од заштитување на безбедноста на граѓаните, а често и на сообраќајот.

Она што го спомнавте за оружје, алкохол и дрога, тоа е дел од законски проекти, односно законски одредби кои се на сила. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Станковска.

Една минута контра реплика господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Колешката уште во старот кажа дека ни еден од овие протести не донел успех. Значи уште во старт имаме проблем и тоа ако го ограничите и ова право на протест, тогаш незнам како ќе можат граѓаните да го остварат своето право, со што се ограничува правото на протестирање. Апсолутно, вие не определувате место каде некој може да го искаже својот револт. И ќе дојдеме повторно во ситуација, затоа што во законот тука апсолутно ништо не кажувате за тоа, каде е тоа поволно место. Јас ов ане го видов и апсолутно е недефинирано. Амандманот кој што сега го предложивте и кој што го прочитавте до крај не го прочитавте, затоа што стои или верска омраза, или нетрпеливост. Значи или, или, за мене апсолутно е нејасна работа. Веќе гледаме дека нетрпеливоста постои.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски. Следен за дискусија се јавува пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе. Би сакала и јас да се осврнам на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за јавните собири. Сметам дека законот е во спротивност со членот 21 од Уставот на Република Македонија, каде што јасно кажува дека граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест, без претходно пријавување и без посебна дозвола.

Законот од 1995 година за јавни собири, кажува дека наспроти тоа што Уставот изричито зборува за тоа дека јавни собири, граѓаните јавни протести можат да прават без претходно пријавување, се прави еден чекор кон тоа што сега колешката Славица сака да го постигне и овде се вели дека јавниот собир може, за јавниот собир организаторот може да го извести Министерството за внатрешни работи, а знаеме дека од искуството до сега, беше потребно тоа да се направи. Сега се оди кон изричито барање, јавните собири да бидат задолжително значи, должен е организаторот, јавните собири да ги најавува, да го известува Министерството за внатрешни работи, на чие подрачје се одржува јавниот собир. Понатаму, се оди уште повеќе не само на тоа дека, спротивно на Уставот треба претходно да се пријавува собирот, туку се оди и во огрничување на правото на зборување, и правото на јавно кажување, она за кое што сметаат граѓаните дека треба јавно да го кажат и да протестираат.

Во членот 1-а, во ставот 2 , се зборува дека "слободата на говорот на јавниот собир се ограничува со забрана за повикување и поттикнување на војна, употреба на насилство, национална расна или верска омраза, или било кој друг вид на нетрпеливост".

Меѓутоа, никаде нема кажано колешката кој е тој кој ќе оценува дека јавниот собир повикува и поттикнува на војна, на употреба на насилство, на национална, расна и верска омраза или било кој друг вид на нетрпеливост, во каква постапка и врз основа на кои показатели тоа ќе го прави. Дали текстот кој го кажуваат говорниците на ваквите јавни протести треба претходно да биде даден на одобрување или некој треба да им ги чита мислите па претходно да процени дали тој собир ќе биде таков каков што треба да биде за да биде забранет, бидејќи повикува и поттикнува војна или употреба на насилство или расна и верска омраза. Или, доколку биде одобрен текстот дали, ако говорниците не се придржуваат на текстот кој бил претходно одобрен нема да одговараат. Ако е така потребно е да има и казнени одредби за оние кои направиле прекршување, бидејќи им било одобрено да кажат едно, а тие си дозволиле да кажат нешто повеќе од тоа што било одобрено.

Сметам дека овој закон дејствува против лицата кои бараат реализција на уставно загарантираното право, повторно ќе кажам, дадено со членот 21 од Уставот на Република Македонија.

Овде, не само што се зборува за тоа дека треба да се ограничува правото на говор, туку се зборува за тоа дека треба граѓаните кои сакаат јавно да протестираат, да протестираат на соодветно место за одржување на јавен собир. Меѓутоа, и овде се овозможува злоупотреба на овој член, бидејќи ќе се отежни организацијата или воопшто ќе се оневозможи организирањето на јавен собир. Кој е тој што ќе каже кое е тоа соодветно место? Или ќе остане како што пред малку слушнав некои од колегите што кажаа, да направиме еден наш Хајд парк каде сите граѓани на Република Македонија само таму на тоа точно означено место, тоа ќе биде соодветното место каде можат слободно да протестираат без да го загрозат правото на другите граѓани.

Понатаму, во членот 4 каде се оди спротивно на Уставот и се кажува дека организаторот е должен да го извести Министерството за внатрешни работи иако во Уставот кажува дека имаат право граѓаните мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола, овде веќе се зборува за тоа дека граѓаните се должни и должни се известувањето да го поднесат пет дена пред одржување на јавниот собир, а само по исклучок особено од оправдани причини известувањето може да се поднесе најдоцна 48 часа пред почетокот на одржувањето на јавниот собир.

Сега, кои се тие оправдани причини не е кажано и кој е тој, во каква постапка и врз основа на кои показатели ќе цени кои се тие оправдани причини што организаторот на собирот го навеле да не го почитува рокот од пет дена пред одржување на собирот да го прати известувањето, туку 48 часа пред почетокот на одржувањето на јавниот собир. Дали додека да процени тој што треба да процени дали се оправдани или неоправдани причините ќе дојде времето кога треба да се одржи собирот односно да не се одржи собирот бидејќи нема дозвола за одржување на јавниот собир.

Сметам дека ваквиот закон не треба да биде поддржан од пратениците во Парламентот, тој не е во корист на правото на граѓаните на мирен јавен протест, слободно да го кажуваат она што го мислат, слободно да протестираат, повторно ќе кажам во спротивност со Уставот и затоа ние како пратеничка група нема да го поддржиме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор пратеникот Зоран Крстевски.

Госпоѓо Станковска, се извинувам, но јас веќе имав дадено збор, вие не бевте пријавена, како предлагач после можете да се јавите повторно.

**Зоран Крстевски:** Благодарам господине потпретседателе, нависина должно внимание на овој предлог му посветуваме со оглед дека е од нашата колешка и навистина како оди дискусијата иако на сите ни е јасно дека се работи за закон кој не се темели врз веќе уредените уставни права на граѓаните за јавно изразување на протест. Ние се повеќе сакаме да дознаеме што е мотивот на еден пратеник да искреира една ваква законска проекција во која навистина ниту власта, ниту граѓаните ќе знаат како треба да се однесуваат.

Законот вели нема протести пред болници, тоа значи пред Републичкото собрание не може да има протести, бидејќи тука е Градската болница, пред Влада сеуште веројатно може, но може на

Владата да и текне да изгради некоја болница, може и од привремен карактер и на тој начин да го примени во овој закон да си обезбеди мир во просториите на Владата, така што многу креативност нуди овој закон, ако се земе.

Исто така и кај говорите што значи повикување на војна и тн. Овој закон да сме го имале пред овие случувања во Кондово мислам дека многу полесно би го решиле истото, веднаш ќе ја знаевме целта на протестите на тие кои протестираа и кои сега ги ослободи истражниот судија од притвор. Има доста креативност во овој закон и можеби треба да се врати колешката да го погледа, да види некои искуства од Венецуела, од Чиле, веројатно таму каде има ваква креација може да дојде до подобри решенија.

На пример овој месец пољаците слават годишнина од штрајковите на "Солидарност", украинците преку масовните протести воспоставија еден нов демократски режим во земјата, секој гледа на одреден начин да ја поттикне одговорноста на власта во извршувањето на своите обврски, а максимално да ги заштити слободата и правата на граѓаните.

Ова е навистина една креатура која беше доблест да се повлече уште на почетокот кога се виде дека и Владата нема позитивно мислење. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Крстевски.

Има збор пратеникот (реакција од страна на госпоѓа Станковска). Госпоѓо Станковска мислам дека се разбираме, вие како предлагач можете во секое време да се јавите, но не значи откако јас ќе почнам да давам збор на некој друг вие да се јавите.

Повелете три минути реплика госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Она што постојано го кажува опозицијата не сакам да го злоупотребувам, но навистина вие ни пет секунди не броите од она што ќе го кажете. Ако претседателот дава некој временски рок од пет или десет секунди јас физички треба да се концентрирам да го слушам говорникот, а незнам кога ќе заврши, дозволете ми или сега да се натрчуваме или да мериме рутина на пријавување односно временски да ограничуваме.

Колегата убаво кажа и благодарам за изнесеното мислење, впрочем секој има право да мисли онака како што сака и да зборува она што сака.Јас би се согласила со колегите иако бев свесна дека законот нема да се поддржи, сметав дека темата е мошне интересна и овде нашироко им дава можност на членовите на опозиционите партии да направат или уште еднаш да прават политички маркетинг, нормално и тоа е дел од демократијата.

Овде по овој Предлог за измени и дополнувања на овој закон можат да се постават многу тези за и против, како што кажува колегата, сето тоа зависи од креативноста на поединецот. Нема потреба, барем во овој предлог, да го експлоатира Кондово како осетлива тема или случувања кои навистина ги обременуваат односите меѓу етничките заедници, но на некој начин и граѓаните на Република Македонија, а сигурно ја загрозуваат и безбедноста на Република Македонија.

Овие решенија колега не се ни од Аргентина ни од Чиле, туку се од земји кои се членки или претендираат да бидат членки на Европскаста Унија. Јас не сум правник, но сигурно користам решенија од други држави. Постојано се инсистира и уште еднаш морам да кажам дека никаде не стои ниту ограничување на правото на граѓаните да изразуваат јавен протест ниту ограничување на право на говор. Она што го спомнаа колегите ограничено право на говор стои и во Уставот на Република Македонија, не сакам да повторувам каде и кога тоа право се ограничува.

Околу пријавувањето, никаде во овој предлог ниту во постојниот закон стои дека некој треба да обезбедува дозвола за организирање на јавен собир. Не е во ред да се карикираат некои работи или извртуваат онака како што ни одговара. Во предлогот децидно стои дека може, а не дека треба. Дека може тоа значи дека не мора, а ни случајно да се обезбедува некоја дозвола за оргаизирање на јавен собир. Знам во која насока ќе одат коментарите по овој зокон затоа што главно се пријавени колеги од опозицијата, јас ќе ги исслушам и ќе ги поддржам нивните напори да направат уште еден политички маркетинг заради тоа што изборите се ближат.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Зоран Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Благодарам што одговоривте. Овој закон го доживувам нешто слично како законот за забрана на пушење на јавни места. Вие треба да бидете прецизни да одредите каде е забраната да биде оддржан јавен собир. Тоа е тоа ниво на закон што вие го нудите. Добро Кондово не е соодветно, земете го Челопек, таму решете ги со закон работите. Само ве наведувам дека сте далеку од тоа како во Европа ги решаваат овие работи и пак ви велам дека законот е во спротивност со Уствот, што е најбитно.

**Слободан Најдовски:** Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, јас овој закон или предлог за донесување на закон немам намера веднаш ан блок да го отфрлам и веднаш да ја осудиме целта и намерата на предлагачот, очигледно е дека предлагачот е пратеник и секогаш кога пратеник поднесува некој закон навистина треба, барем според мене, да овозможиме со едно доследно внимание и да го разгледаме затоа што сме сепак пратеници и како пратеници застапници на граѓани а според Уставот предлагач на закон

може да биде покрај Владата, пратеникот и десет илјади граѓани.

Јасна е целта на овој закон и намерата која предлагачот сака да ја постигне. Убеден сум дека тоа не произлегува само од пратеникот како поединец кој го предложил овој закон, јасно е дека зад оваа иницијатива, зад оваа намера на почитуваната колешка произлегува и одредено мислење на одреден број граѓани на Република Македонија. Сигурно дека јавниот протест онака како што е дефиниран во Уставот е демократско право и право на сите граѓани да го изнесат она што сметаат дека треба да го изнесат на јавен собир, меѓутоа, не секогаш сите граѓани она што одредена група на граѓани при една состојба на такви протести кажано не секогаш сите граѓани го поддржуваат и не секогаш сите граѓани се согласуваат со тоа.

Интенцијата на Уставот или уставотворецот е токму од тие причини јасна, значи никаде во светот не постои правото да се ограничи особено не демократските права да се изрази протест и да се направи јавен собир, меѓутоа, интенцијата на Уставот не е тоа право во крајна мера да се злоупотребува. Факт е што нашиот Устав го дефинирал ова право во членот 21 и можеби, јас би рекол за жал тој член во ставот 2 кажано е само во кои ситуации може да биде ограничено односно забрането едно вакво собирање.

Според мене многу е дискутабилно што е тоа јавен собир или уште подобро што е тоа протест и какви се протести можеме да ги изнесуваме на јавен собир. Која била иницијативата односно замислата на самиот Устав. Јас сум убеден дека колешката поттикната особено од последните настани кои имавме прилика да ги гледаме буквално секојдневно за разни причини, за разни права се прават секакви можни протести кои од една страна се бара право на одредена група граѓани на сметка на сосема друга група на граѓани. Тоа е поентата и тоа е целта која колешката сака да ја постигне. Нема никаква намера нешто да се ограничи, туку на сметка на правата на граѓаните да се дојде до некакво решение доколку може да се дојде. Затоа немам намера апсолутно да го осудам или да ја критикувам или незнам како да се изразам, намерата на колешката односно она што како иницијатива го предлага овде.

Меѓутоа, факт е дека овде не е проблем намерата, проблем е Уставот. Ние како пратеници и како законодавен дом сме должни да водиме сметка при секое носење на закон да водиме сметка за уставноста. Затоа постојат комисиите, затоа постојат собраниските тела, па и затоа постои оваа пленарна седница.

Мора да истакнам дека во таа ситуација гледајќи го Уставот, гледајќи го членот 21 од Уставот апсолутно овој закон е противуставен. Дали е тоа во ред или не, тоа е така. Се додека Уставот предвидува една ваква одредба, ваков закон, со вакви одредби, не може да се донесе и мислам дека и на колешката и е јасно, тоа е објаснувањето на Владата која ни го доставува овде како мислење.

Иако би сакал да обрнам внимание, според мене исто така дискутабилно прашање дали јавните собири дали можат, вака како размислување иако според Уставот не смее тоа да биде, да се одржуваат на автопат, на магистрални патишта заради одредени права на одредена категорија на граѓани затоа што сепак на еден таков пристап или на еден таков протест сепак се ограничува многу повеќе правото на многу поголем број граѓани не само на Република Македонија, туку и на оние кои транзитираат преку неа.

Бидејќи во последно време тоа стана пракса дури и за секакви барања кои се далеку од некакви јавни барања за одредени приватни барања, за исплата на плата во некое претпријатие, за работното време и што јас знам, се организира на начин да се дојде до некој притисок.

Според тоа, интенцијата е многу јасна, но, за жал, заради уставната одредба, заради она што го предвидува Уставот, овој закон не смее да се усвои затоа што би бил спротивен на Уставот и од тие причини ние како пратеници и јас лично не би можел да го прифатам иако сметам дека колешката како пратеник имала намера да заштити одредена група на граѓани кои сигурно како на пратеник и се обратиле за да на некој начин некои работи можат да се средат, доколку постои можност. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги, иако верувам, претпоставувам дека намерата на колешката Станковска при изработката и поднесувањето на овој закон секако била добра и секако поаѓала од интересите на дел од граѓаните, сепак она што и претходните дискутанти во најголем дел го констатираа, мислам дека е главната пречка за овој закон да не може да добие поддршка односно тоа што одредбите од него се во спротивност со Уставот.

Но, јас тука би додал дека не само што се во спротивност со Уставот и сега од претходните дискусии можев да сфатам дека можеби треба да го промениме Уаставот во тој дел, па за да овој закон биде донесен, меѓутоа, мора јасно и децидно да кажеме дека Уставот има добри решенија во тој дел и дека во тој дел Уставот ја гарантира демократијата и демократскиот развој на Република Македонија.

Читајќи неколку членови од овој закон ќе се обидам да го елаборирам тоа и сите заедно да се увериме дека е суштинска причината, не само заради тоа дека е спротивно со Уставот. Ако е спротивно и ако тоа не е добро решение, може да се поднесат амандмани на Уставот и да се промени Уставот.

Во членот а) воопшто се ограничува правото на граѓаните на јавно собирање, без разлика на понатамошниот дел од образложението заради ова или заради она, заради заштита на слободите и правата или заради другиот дел од образложението, кој што во амандманот го предложила колешката. Значи, во суштина во нормативниот дел првата работа од членот и првата реченица така почнува "правото на граѓаните за јавно собирање може да се ограничи". Нема демократска земја во Европа која што може да го дозволи тоа, да се ограничи правото на јавно собирање. Се што она на јавно собирање може да се случи од страна на граѓани, поединци, индивидуалци или групи, сигурно дека подлежи на останатите законски прописи кои регулираат материи дали од сферата на јавниот ред и мир или од други сфери кои што го загрозуваат односно се во спротивност со други закони кои што ја регулираат таа одредена материја.

Втората работа што уште повеќе загрижува во самиот предлог е вториот став од членот "слободата на говор на јавниот собир се ограничува". Мислам дека таква работа и таква одредба во ниеден закон и во ниедна држава не може да стои. Без разлика на образкложението понатаму, посебно еве нека е и образложението повикување и поттикнување на војна, употреба на насилство, национална расна или верска омраза или било кој вид на нетрпеливост, ова е закон и кој е тој орган и која е таа институција или тоа тело што ќе процени дека некој повикувал на национална, расна или верска омраза или кој друг вид на нетрпеливост. А, премногу е широко образложението и премногу остава простор за интерпретација. Сега, можете да замислите дека тоа овој член треба да го интерпретира еден полицаец кој што ќе го регулира и ќе биде присутен или еден инспектор. Едноставно, се остава можност тие што треба да ги извршуваат прецизните законски оредби да толкуваат една одредба која што воопшто не е прецизна. Башка тоа што на почетокот го кажав дека слободата на говор, макар и на јавен собир, макар и од кои било причини не може да се ограничи. Тоа не е демократски и тоа Македонија не ја води во семејството на демократските земји.

Исто така, кога сме кај непрецизноста, гледав дека и во обрзложението на колешката Станковска доминираше тоа дека јавните собири не смеат да се одржуваат посебно на автопатишта и на магистрални патишта и тука држеше образложението и држи до некаде, затоа што до сега не се случило ниту во близина на претшколаски установи, ниту во близина на училиште, ниту во близина на здравствени установи да се наруши правото на другите граѓани односно барем драстично да се наруши, можеби имало и пак повторно доаѓаме тука до толкување. Што значи тоа дека на тој начин се нарушува правото на другите граѓани или што значи близина на здравствена установа. Има здравствена установа во близина на Собранието на Република Македонија, а тоа е Градската болница. Тоа значи дека и тука не може да се изразува протест. Мислам дека е прешироко оставена можност за толкување, посебно во членот 2 сега последниот став, каде што покрај овие институции во нивна близина, магистралните и автопатиштата вели "и на други места ако со оглед на времето на одржување, бројот на учесниците или природата на јавниот собир би можело да се попречи слободното движење и работата на граѓаните". Ова е таква формулација што Владата или било која нејзина институција може било кој собир, било кога, од било кого организиран да го забрани кога сака, повикувајќи се на оваа одредба и на овој член. Затоа, мислам генерално дека не само што е во спротивност со Уставот, туку и со суштината, со духот на одредбите кои што ги регулираат правата на граѓаните во Уставот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Има збор пратеникот Андов Стојан.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Јас немаше да се јавам уште еднаш за збор, да не ги слушав внимателнло репликите на колешката Станковска. Таа некако е цврсто убедена во неопходноста овој закон да се донесе.

Видете, намерите сигурно не можеме да обвиниме дека има некои намери да воведе тоталитаризам овде и комплетна контрола на движењето и на искажувањето на луѓето. Таква намера сигурно немам. Ние овде како колеги треба да процениме, без оглед каква е намерата што носат решенијата кои што се предлагаат.

Решенијата, од прилика, еве сега се видоа од сите дека го проблматизираат местото на одржување и воведуваат арбитрарност која ќе му припадне на некој државен орган да одлучува дали тоа место е погодно или е непогодно, дали може, дали не може, дали ќе се забрани таму собир или нема да се забрани таму собир.Тоа е противуставна рамка.

Второ, воведена е можност за арбитрарност во тоа што ќе зборуваат луѓето таму. Ова може, ова не може, тоа знаете ли што треба да произлезе, практично како тоа изгледа. Едно ново одделение во полицијата и оние што пријавуваат собири треба да ги пријават по име и презиме и адреса сите оние кои ќе зборуваат, па да ги викнат тие во полицијата и да ги прашаат што ќе зборуваат, па тие да оценат дали тоа што го зборуваат предизвикува ова или она и тн. Значи, не можеме да ја убедиме нашата колешка дека решенијата кои се нудат воведуваат опасна арбитрарност, од која ќе произлезе зголемување на бирократијата, овластување противуставно на државни органи, зголемување на финансиски трошоци за издржување на тие нови државни органи кои ќе се занимаваат со протести, бидејќи постојано имаме

протести, секаде има протесто. Потоа оние кои ќе бидат оценети дека намеравaат така да зборуваат може меѓувреме да бидат заменети со други и тие треба да бидат ислушувани што значи контрола на совеста, контреола на слободата на говорот. Ако госпоѓата Станковска инсистира овој закон натаму да го расправаме, а не го повлекува, јас и предлагам, сепак, да го повлече. Ние да го испратиме до Советот на Европа да ни даде мислење Советот на Европа за овие решенија колку се компатибилни со практиката што аа организација ја практикува, ја негува, дури и ја наложува и колку е со демократскиот свет и што навистина носат овие прашања. Зошто сега да се мачи и жената за да препишува од некои други земји, не знам колку биле демократски или недемократски и тн., ова е видливо, ова е јасно, оти Собранието расправа за еден предмет. Кога тој предлог, овој проект би бил од Владата предложен, тогаш би рекле дема Владата сака да воведе насилен режим, - тирански режим кој сака да ги замолчи граѓаните. Владата го проценила тоа и се произнела дека законот не треба да се донесе.

Многу е сериозно прашањето и како е можно да доспеат такви идеи во Собранието и како, кој тој дух, кој е менталитетот на кој ние се потпираме дека е добро да има и арбитража околу тоа каде ќе протестираат граѓаните, што има да кажат, што смеат да кажат, што не смет да кажат на јавни собири и тн. Тоа е многу интересно. Јас се надевам, ајде да видиме сега и како ќе гласаме, да видиме кој ќе го поддржи ова, па да видиме како стојат работите кај нас во Македонија. Имаме конвенции потпишано, имаме меѓународни обврски, не само противуставно што е ова, туку е надвор од сите вообичаени и демократски ставови, решенија и документи од кои се раководиме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Станковска, повелете имате збор или реплика.

**Славица Станковска:** Кратко ќе се обратам како предлагач го користам сопственото право на крај да кажам нешто околу сите овие размислувања и околу моето размислување.

Еден од колегите кажа, еве јас ќе повторам, ова не е само мој став и мое размислување, ова се ставови и размислувања на дел од оние што ни го дале правото да бидам дел од овој законодавен дом односно да ги претставувам во Парламентот на Република Македонија. На колегите кои постојано алудираа дека одредбите од Предлогот што е доставен се спротивни од Уставот на Република Македонија, би им советувала уште еднаш да ги прочитаат, нема потреба да ги коментираме и уште еднаш да ги читам. Секој може да го толкува онака како што сака да го толкува односно одредбите од овој Предлог да ги толкува така како што ќе сака. Јас ги почитувам мислењата на сите и не сакам да кажувам со кои делови не се сложувам или кои делови не се во ред. Колегата рече дека треба да ги усогласиме нашите закони со Европската унија, јас уште еднаш ќе кажам дека одредбите се во согласност со Европската конвенција, член 11 став 2. Може да ја побара, па да види што таму пишува. Јас воопшто колега не инсистирам, ниту пак имам право и на колегите кои не се согласуваатм, ниту имам право да инсистирам предлогот што ви е пред вас или Предлогот што е за изменување и дополнување на Законот за јавни собири, да го поддржите. Јас како предлагач односно како претставник во овој законодавен дом го имам тоа право, моите размислувања се такви какви што се. Инаку, за менталитет, колега Андов, јас воопшто не сакам да зборувам, заради тоа што ако почнам да говорам за вашиот менталитет, ќе се доведам во состојба лично да ве навредувам, а јас тоа не сакам да го правам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Гопсоѓо Којзеклиска имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Се изнаслушавме аргументи од предлагачот на законот за изменување и дополнување на Законот за јавните собири во корист на законот, како што го предлага колешката.

Досега, претходните дискутанти објаснуваа и кажуваа дека овој закон е противуставен, дека е спротивно на членот 21 од Уставот, кој децидно вели "Граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест, без претходно пријавување и без посебна дозвола". Став 2 "користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба".

Вие, почитувана колешке, во овој закон одите на така екстензивно толкување на уставната одредба ставот 2 и децидно кажувате, посебно во членот 1-а. Во ставот 1 велите "Правото на граѓаните на слободно собирање може да се ограничи заради...", а во ставот 2 велите "слободата на говор на јавниот собир се ограничува". Дали вие сами признавте дека не сте правник, меѓутоа, дали можете да направите разлика меѓу она што сте го понудиле како решение. Може правото на граѓаните на слободно собирање да се ограничи и она во кое децидно барате ограничување на слободата на говорот кое се однесува на забрана за повикување и поттикнување на војна и употреба на насилство. Значи, јас не навлегувам во тоа какви ви се намерите, интенциите со ваквото предлагање. Меѓутоа, ова значи, според мене, а и според сите претходни дискутанти, ограничување на демократијата во однос на слободно изразување на граѓаните на јавно собирање, што значи сакале вие или не воведување на определен тоталитаризам во однос на правата на граѓаните слободно да го изразат своето мислење. Дали вие ќе се сложите или не, апсолутно не е важно, важно е како ќе оди интенцијата со овој Предлог на закон. Практичната примена, законите ги

донесуваме за да бидат практично применливи. Вака ако се примени законот како што го предлагате, почитувана колешке, последиците се страшни во делот на враќање во еден поранешен систем. Размислете добро какви ќе бидат последиците. Колегата Андов имаше одредени укажувања како би било практично применливо, верувајте дека ќе биде така.

Во основниот текст на законот кој барате да биде сменет убаво е кажано во членот 2, во став 1 што се јавни собири, во ставот 2 негаторска одредба на тоа што не се смета за јавен собир и наведени четири или пет алинеи. Вие, во членот 3 од Предлогот, правите некоја дефиниција на јавен собир, дали е од конвенција или од некој друг меѓународен документ не знам. Велите "Јавен собир значи..." значи дефинирате што е јавен собир, велите дека "не смее да се одржува таму и таму". А, посебно е последната алинеја која верувајте, почитувана колешке, ќе биде најексплоатирана од целиот закон на други места, ако со оглед на времето на одржување бројот на учесниците и природата на јавниот собир би можело да се попречи слободното движење и работата на граѓаните. Искрено да ви кажам не знам од каде ја најдовте токму оваа одредба, меѓутоа, верувајте дека оваа одредба ќе биде најексплоатирана од сите одредби, која ќе води во, како што кажаа претходните дискутанти, во арбитрарност или по слободна проценка на оној кој треба да утврди дали времето на одржување, дали бројот на учесниците или природата на јавниот собир би го попречило слободното движење и работа на граѓаните. Она што во Уставот е наведено дека користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба, вие го пренесувате во овој закон така како што мислите дека треба. Меѓутоа, уште еднаш ќе дефинирам дека ова е противуставно и во делот на без пријавување и без посебна дозвола, така сотеше во законот, така стои и во Уставот. И, онаа одредба може со подзаконските акти на Министерството за внатрешни работи стана задолжителна, иако во законот вели дека може да го извести Министерството за внатрешни работи. Значи, таа одредба стана задолжителна со подзаконски акти. А, каква ќе биде оваа, доколку се усвои од овој законодавен дом вашиот закон, онаа на која ви го посочувам членот 2-б точка 4, можете само да претпоставите колку ќе бидат страшни последиците.

Од тие причини, почитувана колешке, јас ќе гласам против овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и ќе вкучам 10 минути за кворум

(во салата влегуваат пратеници)

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, од кои 5 гласале за заклучокот, 15 се воздржани од гласање и 47 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот не е усвоне.

Да се вратиме на претходната точка,

**Точка 19 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за избирачкиот список со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор заменикот на министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Почитуван претседателе почитувани пратеници,

Изменувањето што се предлага во законот за избирачки список се однесува на одложувањење на рокот за преземање на организационо-техничка и методолошка обработка на податоците, кои во овој период ги врши Државниот завод за статистика.

Причините за одлагање на рокот за преземање на работите во Министерството за правда се објективни, а јас ќе наведам само некои кои во овој период недостасуваат за да се реализира оваа активност, а тоа се едно по друго три изборни години, за кои се знае дека имавме парламентарни избори, локални избори и референдум, па и претседателски избори во кои во никој случај не може да се реализира голем проект како што е овој, затоа што за негова реализација е потребен подолг временски период од аспект на усогласување на програмските решенија за податоците за избирачите поврзани со територијалниот аспект.

Потоа дополнителните финансиски средства за техничко опремување, кадровско екипирање и просторно сместување.

Исто така во овој период во тек е промената на изборното законодавство при што ќе се имаат во предвид и решенијата предвидени со Законот за избирачки списоци што секако ќе претрпат одредени промени.

Треба да се има во предвид дека со предложените измени не се менува концептот на Законот, туку Министерството за правда останува орган надлежен за евиденција на избирачкото право и координацијата на работите за организационата, техничка и методолошка обработка на податоците во избирачкиот список е во надлежност на Министерствотоп за правда во соработка со Државниот завод за статистика.

Дефиницијата на избирачкото тело останува иста и сите податоци врз основа на кои се елаборираат во избирачкиот список се преземаат од изборните административни евиденции кои се водат пооделно во органите.

Затоа имајќи во предвид дека во наредниот период следат активности кои се во функција на подобрување на изборното законодавство кое ќе има влијание на овој закон, а имајќи во предвид дека не е во прашање сложен предлог за изменување на Законот за избирачки список предлагаме на истата седница да се претресе и Предлогот на законот. Благодарам.

**Љупчо Јорддановски:** Госпоѓо Бонева, имате збор, повелете.

**Силвана Бонева:** Сосема накратко сакам да се осврнам на овој принципиелен закон со кој се бара пролонгирање на рокот за преземање на обврските на Министерството за правда и повторно оставање на обврската за водење на избирачкиот список на Државниот завод за статистика спротивно на Законот за избирачкиот список. Значи главната активност на која што се однесуваат сите овие промени на Законот за избирачки список вклучително и ова што сега се предлага е организационо-техничката и методолошката обработка на податоците од избирачкиот список.

Ваквата активност сега ја врши Државниот завод за статистика . За применување на оваа активност во рамките на Министерството за правда се вели дека е потребен еден широк оперативен зафат кој што бара обезбедување на техничкак опременост и обучен стручен кадар во рамките на институцијата која што би го изведувала ова дејание.

Во Законот за избирачки список кој што беше донесен 2002 година, во преодните и завршните одредби се вели дека најдоцна во рок од 2 години од влегување во сила на законот Министерството за правда како орган надлежен за евиденција на избирачкото право ќе си ја превземе обработката на податоците од избирачкиот список која што сеуште ја врши Државниот завод за статистика.

Меѓутоа, во јуни месец 2004 година, кога поминуваше рокот веќе од 2 години, определен како краен рок за транзиција на овој вид на активности од Државниот завод статистика во Министерството за правда повторно рокот се продолжи од две на три години.

Ваквата промена е направена со измената на Законот за избирачкиот список во 2004 година, и на тој начин рокот до кој што Министерството за правда требаше да си ги превземе сите наведени активнонсти го пролонгираше до јуни 2005 година.

Што ја карактеризираше 2004 година ни кажа заменикот министер за правда ( претседателски избори, референдум, локални избори) и немало време да се спроведат овие активности за да може конечно после толку години да заврши таа транзиција. И повторно се бара пролонгирање на овој рок како три години не беа доволно за да може да се заврши оваа активност. Во овие три години имавме секоја година по три изборни циклуси и Министерството за правда беше толку зафатено што неможеше оваа сложена операција да биде извршена. Ние не добивме одговор како пратеници ниту на Комисијата ниту на Комисијата за политички систем, ниту пак овде од заменик министерот. Навистина кои се вистинските причини за да не може во три години Министерството за правда кое што беше водено од неколку министри , значи да не успее да оствари една законска обврска која што беше даде на со Законот за избирачки список од 2002 година, и да се почитува рокот до 2004 година, да заврши таа транзиција и Министерството за правда да биде единствено, надлежно и одговорно за избирачките списоци во државата. И сега повторно ни се кажува истата приказна дека, еве изборните циклуси кои што ги имавме во 2004 година не му дадоа можност на Министерството за правда да си ја заврши работата што не ја завршило во претходните три години.

Навистина не знаеме кој е виновен за нереализација на овој законски проект и оваа законска обврска . Дали е воопшто нешто почнато во техничко опремување, за обука на луѓето кои шро еве кажа и заменик министерот треба да имаме обучени луѓе кои што ќе бидат спремни да ја водат оваа работа. Дали нешто е направено во тој правец, до каде е стигнато и уште колку време е потребно за да може да се завршат сите овие дејанија. Колку средства се потрошени, уште колку треба да бидат потрошени и зошто тоа не е направено досега/. Значи, апсолутно никаков одговор во однос на најбитните прашања за да можеме да знаеме зошто се бара пролонгирање на важењето односно на започнувањето на важењето на законот за избирачкиот список, кој што јасно укажува дека избирачкиот список го води Министерството за правда а не Државнит завод за статистика.

Во претходните месеци и години имавме случаи кога самата извршна власт, самата Влада и некои од министерствата искажуваа сомнеж во работата на Државниот завод за статистика, а сега повторно се остава да се префрлува одговорноста од Министерството за правда или од извшната власт на Државниот завод за статистика за се она што не е во ред со избирачките списоци.

Кога се префрла одговорноста од еден на друг, а со Законот јасно е кажано кој е тој што е

одговорен за избирачкиот список и кој го води запишувањето во избирачкиот список и кој е должен да врши пишување и бришење во избирачкиот список сега имаме една сосема друга состојба. Повторно се заобиколува Законот и се бара она што треба да се заврши во определен законски рок повторно да се пролонгира и Државниот завод за статистика да биде одговорен за избирачкиот список.

Ќе напомнам дека и покрај тоа што според закконот за избирачки список, и покрај тоа што Министерството за правда според членот 10 е одговорно за запишување, дополнување и бришење на избирачкиот список врз основа на податоци кои што во членот 11 МВР ги доставува до Министерството за правда, значи податоци за граѓаните кои што има важечка лична карта или патна исправа, за оние кои што починале, за оние кои што се преселиле или одселиле , за оние кои што имаат наполнето 18 години живот, за оние кои што го промениле името или местот она живеење, за оние кои што се стекнале или го изгубиле државјанството, дури и за оние кои што се на привремена работа или престој во странство, или пак трајно се иселиле од Република Македонија , тие податоци МВР е обврзано според законот два пати годишно да ги доставува до Министерството за правда и да се врши прочистување на избирачките списоци.

Сега, сведоци сме сите ние какви ни се избирачките списоци. За тоа многу добро знаат избирачките одбори, многу добро знаат изборните комисии, општинските изборни комисии, па и ДИК какви приговори имаше од страна на лицата кои што беа овластени да даваат приговори во изборниот процес, како гласаа мртви, кои што по неколку години се мртви, како сеуште стојат на избирачките списоци, како гласаат луѓе кои што не се во државата повеќе време, повеќе години, година дена и за тоа немаше слух Министерствоото за правда да си ја преземе одговорноста и работата во свои раце и да знаеме кој во државата е одговорен конечно за прочистување на избирачкиот список да не ни се повторуваат со години на ред во сите изборни процеси едни исти нешта, постојано да се жалиме на избирачкиот список и на манипулациите кои што се составен дел на сите изборни циклуси наназад.

Сметам дека мора многу сериозно пратениците да размислат дали ќе го подржат ова законско решение кое повторно ни се предлага и дали ќе бидат соучесници во понатамошното бегање од одговорнонста на Министерството за правда за состојбите со избирачкиот список посебно, повторно ќе напомнам, заради сите манипулации кои што ги имавме со избирачкиот список во претходниот период.

Ценам дека неопходно е потребно Министерството за правда да биде одговорно. Не е оправдување дека правиме промени на изборното законодавство, Три години, од 2002 до 2005 година на Министерството за правда не му беа доволни, па сега изговоор ќе ни биде промената во изборното законодавство, и некои си решенија за кои што сеуште ние како пратеници не знаеме какви ќе бидат, а она што е обврска во Законот нема желба Министерството за правда да го исполни иако е негова обврска, бидејќи тоа беше дадено со закон.

Повторно ќе напомнам, како што кажав и на Комисијата, иако предизвика доста негодување од страна на претставниците на власта во избирачкиот список имаме 1.711.293 граѓани кои што имаат право на глас, во пописот имаме 2.000.022 жители во Република Македонија. До 18 години е кажано дека имаме 500.000 граѓани, што значи дека би требало некаде околу 1.500.000 полнолетни граѓани да се најдат на избирачкиот список, а не 1.700 и неколку илјади граѓани. Значи овие 200.000 постојано прават забуна и постојано се основ за манипулација на изборите наназад. Немаме јасно кажано колку бројат граѓаните кои што се надвор од државата повеќе од една година , немаме податоци никакви, не се ажурирани податоците за починатите на избирачките списоци, иако за локалните избори беше кажано дека имаме најдобар избирачки список, сепак иако е така кажано од страна на Министерството за правда имавме луѓе кои што по 10 и по 15 години се мртви, а сепак беа на избирачкиот список и беа заокружени. Колегата Аднан Ќахил и самиот сведочеше на Комисијата за политички систем како негов близок кој што е мртов повеќе години бил заокружен кога отишол на гласање. Значи можете да си ги видите и приговортите кои што беа доставени од комисиите. Значи се работи за еден сериозен проблем и мора да биде сериозно третирано Министерството за правда.

Повторно ќе кажам, да ни се каже на нас пратениците кои не си ја завршил обврската, зошто не е завршена. 2004 година имавме избори, имавме и во 2005 година локални избори, но во претходните две години исто така имаше законска обврска Министерството за правда и кој му е изговорот тогаш што не е завршена работата. Да видиме колку пари се потрошени на овој проект, повторно ќе кажам , до каде е стасано со техничкото опремување, со обуката на кадрите, колку кадри им се потребни и да видиме што е тоа што може најбрзо да се направи Министерството за правда да биде одговорно за избирачките списоци. Да се престане во државата со префрлање на одговорноста од еден на друг и миење на рацете за нерегуларните избори кои што во голем дел зависат и од тоа како е поставен, како е направен, како прочистен избирачкиот список. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има збор заменикот министер за правда господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Да не се разбереме погрешно, одговорно е Министерството за правда за водење на избирачки список. Меѓутоа, кажавме дека само технички во соработка со Заводот за статистика го

водиме тоа. Исто така, е формирано одделение во склоп на секторот во Министерството за правда за ибирачкиот список, исто така изготвен е проектот. Меѓутоа ни треба време и затоа бараме вакво пролонгирање како што е предвидено со Предлог законот. Исто така, ние не можеме да правиме споредба со тоа што го кажа пратеничката со пописот на населението и споредба со избирачки список, со бројот. Бидејќи во пописот на населението не влегуваат тие државјани што се над една година во странство. Меѓутоа, додека во избирачкиот список влегле сите тие што имаат државјанство. Затоа не може да се прави таква споредба и да се каже толку е бројот таму со пописот, а овде бројот е поголем. Исто така, мислам дека кога беа изборите немавме критика за избирачкиот список од тоа што многу луѓе не биле во избирачкиот список, или имаше повеќе, или незнам што е спомнато, туку се гледа и од тоа што има извештај и од ОБСЕ од кој немавме такви критики што се напоменува од пратеничката.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван господин заменик министер, кажавте дека е изготвен проектот.Ако можете да ни кажете кога е изготвен проектот, бидејќи од 2002 година тоа е законска обврска да се постапува за да може во 2004 година да си ја преземевте работата. Не беше доволно тоа, стигна 2005 година, значи еднаш се пролонгира, два пати, и сега повторно велите проектот е изготвен, но ни треба време. Значи, три години не беа доволен период за да се изготви проект, технички да се опреми Министерството за правда, да се дотираат луѓе кои што ќе бидат спремни да си ја преземат работата. До каде сте стигнати со самиот проект, колку пари се потрошени, дали се одделени пари од Буџетот, таму ли имате пречки, дали Министерството за финансии не ви даваше доволно пари па не можевте. Значи, каде се наоѓа проблемот. Каде е закочена работата за да знаеме што е причина тоа што претставувало законски услов да не го исполните. Понатаму, велите дека не е исто пописот, бројот на граѓанани на пописот, бидејќи не се тука, тие што се надвор од државата. Но, ние се уште не знаеме колкав е тој број на тие што се една година надвор од државата за да знаеме колкав е навистина бројот на граѓани кои што можат да гласаат во државата. И понатаму, и тие што се одселиле надвор од државата, односно повеќе од една година се надвор од државата, имавме случаи кога беа заокружувани и токму заради овие манипулации бараме навистина сериозно да реагирате во избирачкиот список и да ги дадете на увид на јавноста сите овие податоци кои сигурно преку Министерството за внатрешни работи ги имате и треба да ги кажете на јавноста, за да немаме повеќе забуни околу избирачкиот список.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, еве пред нас имаме уште еден Предлог на закон за избирачкиот список. Мислам дека делувањето на оваа Влада по правило за жал и функционирањето доаѓа токму со овие задоцнувања, дали се тоа по законски акти за кои што самите си земаме обврска, т.е. си земаат обврска како Влада дека ќе ги направат во наредните 6 месеци или една година и после две години се случува тие подзаконски акти да не се донесени и закони кои што ги изгласало Собранието воопшто да не се фуннкционални. Но, во оваа ситуација имаме една уште посложена и покомплицирана ситуација. Нас ни е предложен еден закон кој што е многу краток, се состои само од два члена и во кој што, ако го гледаме само Предлогот закон за изменување на избирачкиот список, член 1 гласи: Во Законот за избирачкиот список Службен весник на Република Македонија број 42/02 и 35/04. Во членот 30 став 2 зборот "две" се заменува со зборот "пет". И членот 2: овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија. Ова е Предлог законот што ние треба денеска да го изгласаме и всушност да направиме закон за изменување на избирачкиот список. Но, за мене читајќи и слушајќи го денеска замeникот министер ова што се причини и образложение поради кое се случува ова и зошто ни е предложен овој закон, кај мене се јавува една друга дилема, прашањето зошто Министерството за правда во рокот утврден во постојниот закон не создаде ниту технички, ниту кадровски услови за организационо техничка и методолошка обработка на податоците на избирачкиот список кој сеуште ја врши Државниот завод за статистика е едниот дел од прашањето. А вториот за кој што и во образложението и во причините зборувате дека во тек е и се работи на измени и дополнување на изборното законодавство и како едно од можните решенија кое сеуште е алтернативно и се разгледува, би било и определување на друг орган кој би бил надлежен за обработката и водењето на избирачкиот список што се јавува како причина за одлагање на рокот, за преземање на избирачките списоци од ова министерство. И сега јас не можам да ве пратам повеќе, мислам треба јавно да кажете овде, дали се работи за оваа ситуација, или барате пролонгирање на рокот во кое што ќе го завршите ова законодавство и воопшто Министерството за правда, никогаш нема да се појави како Министерство за правда според законот од 2002 година кое што ќе биде одговорно за понатамошното функционирање, ажурирање и определување на избирачкиот список. За што всушност станува збор? Законот кој што вие денеска го предлагате треба да го промени членот 30 од Законот кој што беше донесен 2002 година, значи членот 30 став 2: Државниот завод за статистика ќе продолжи да ја врши

организационо техничката и методолошка обработка на податоците од избирачкиот список до конечното негово преземање од страна на Министерството за правда. Значи, стои, конечното, во Законот, но не подолго од две години од денот на влегување во сила на овој закон. Овој закон овој Парламент го измени со Законот кој што го донесовме при завршувањето на рокот за реализација на овој претходен закон, тоа е Службен весник 35/04, јуни 2004 година и тоа е пролонгирано до јуни 2005 година. Денеска сме 31 август значи од јуни до месец септември ние немаме ништо во однос на овој закон, апсолутно ништо не е важечко, затоа што рокот беше јуни 2005 година. Сега се поставуваат неколку други прашања. Јас би ве прашал прво, бидејќи веќе е овој еден член, во членот 30 став 4 во кој што се говори за спроведување на гласањето на внатрешно раселените лица Министерството за правда ќе подготви посебни изводи од избирачкиот список врз основа на евиденција на надлежните органи. И очекував денеска после три години, барем овој став 4 апсолутно да биде неважечки, бидејќи прокламираме и се декларираме дека е заврен и реализиран според мене "Охридскиот Рамковен договор". Во Охридскиот Рамковен договор една од првите работи беше враќање на внатрешно раселените лица во своите места на живеење. Вие и понатаму ова го оставате како член 30. Апсолутно не е никаде зборувано за овој став 4 и едноставно со овој закон се обудувате само да го пролонгирате рокот, значи и наредните три години очекувам или две години како што доаѓа по ова што го предлагате повторно да важи овој став 4 за внатрешно раселените лица. А од друга страна викаме дека Охридскиот договор е завршен. Јас апсолутно не се сложувам со тоа и мислам дека тука имаме голем проблем и вие и ние и како Министерство за правда како најодговорни треба да поднесете извештај за целата оваа ситуација. Значи, во избирачкиот список ги има овие луѓе. Ова што и колешката Бонева говореше во однос на ажурирањето на списоците во кои што има големи неправилности и за кои што повторно некој треба да поднесе одговорност. А во однос на она што како причина, или оправдување се обидувате да го прикажете дека тоа биле поради некои активности претседателски избори, локални избори, мислам дека локалните избори ако не беа на почетокот на оваа година, ќе беа во септември 2004 година. Така што апсолутно и од вашето кажување тоа не се луѓе кои што ќе работат и на законодавството и на избирачкиот список и на она што ќе значи избори. Значи, тука еднаш треба да дефинираме дали вие како Министерство воопшто планирате, или дали имате план и програма со која што еднаш дефинитивно ќе ја преземете вашата одговорност како што е во законот напишано, значи ќе бидете вие тие, а не Државниот завод за статистика или пак да оставиме до она кога што мислите дека ќе го донесете новото законодавство во кое што едно од можните решенија како што кажавте е и тоа Министерството за правда да не го води овој избирачки список, да се формира некое ново одделение, или друг орган. Значи, тука е вашата дилема што ни ја наметнувате нас, а од друга страна барате ние да гласаме за овој закон и да ви дадеме само време со кое што мислам донесувањето на законот едноставно купување на време, бегање од одговорност на Министерството за правда за она што значи избирачки список, затоа што веќе до година имаме парламентарни избори за кои што сите тука ќе се сложите дека уште во старт ако дојдеме во ситуација на неажурирани списоци, дека секој ќе може да се сомнева во резултатите од она што значи парламентарни избори. Затоа и Министерството за правда ја има таа одговорност конечно да каже и еднаш да ја преземе одговорноста, затоа што вака овие две наредни години, сега е 2005, тоа е 2007 кога што повторно некој може да побара наредни три години, а ние колку што знам и судството и Министерството за правда, сите органи кои што го прават редот во оваа држава се на тапет на Европската Унија и ова е уште еден податок дека ние не сме спремни, ако не сме спремни да изведеме вакви избори во кои што Министерството за правда ќе биде одговорно, одговорноста ја префрлуваме на Државниот завод за статистика кој што после изнесените резултати многу лесно го сменуваме директорот и ги сменуваме и резултатите, мислам дека не не води никаде и дека генерално мора да застанете и да ги кажете главните причини и одговорноста кај кого се наоѓа зошто ова не е реализирано во овие три години.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе, колеги пратеници, претставници на Министерството. Претставникот на Министерството за правда ни објасни некои свои видувања зошто се предлага измени на овој закон. И притоа кажа дека тие биле причините за барање на продолжување на рокот за преземање од страна на Министерството за правда, она што значи законска обврска околу избирачките списоци, по втор пат да бара одлагање на рокот, биле објективни. Меѓутоа јас категорички ќе тврдам дека не се објективни туку се субјективни. Затоа што не се сакало да се заврши работата која што е законска обврска уште во 2002 поставена. Зошто го тврдам тоа. Затоа што со носењето на законот 2002 година се предвиделе и финансиски и секакви други можности, и се проектирале за имплемантација за она што е одредба на законот. И после толку години не се реализирала таквата обврска законска. Јас тврдам дека причините не се објективни, туку се субјективни, значи не се по природа од материјално-финансиска или не знам техничка недоопременост на Министерството, туку во немањето на добра волја на сите оние што го воделе Министерството, а го воделе неколку

министри во мандатот на оваа Влада, да ја завршат законски преземената обврска. Тука се поставува само прашањето со која цел. И, би кажала дека на еден начин може би ќе бидам многу груба, меѓутоа е дрско од Министерството по втор пат од Парламентот да бара да го пролонгира рокот за исполнување на оваа нивна законска обврска и да го става во една многу нелагодна положба парламентарците да гласаат за вакво решение затоа што со тоа колеги пратеници ќе го покриеме работењето, односно неажурното работење на Министерството, кое што 4 години не успеа да си заврши законски преземена обврска. А притоа апелираме дека законот треба да се почитува и да се имплементира онака како што е донесен.

Спомнав дека мора да постои некоја друга причина зошто се бара одлагањето на рокот за исполнување на оваа обврска која што патем речено веќе два- три месеци е помината, значи рокот завршил па два-три месеци сме биле во празен простор, па сега повторно бараме континуитет на нешто кое што престанало да важи, односно поминал рокот во кој ние сме требале да ја завршиме работата. Причините најверојатно лежат во следните избори. Спомна претставнико тод Министерството дека се одржувале локални, претседателски избори и референдуми, па тоа била една од објективните причини зошто не си завршила законската обврска. Меѓутоа, изборите не смеат и не можат да бидат причини за непреземање на законската обврска и не завршување на преземените обврски од Законот, туку причините лежат во наредната 2006 година, односно во претстојните парламентарни избори и во можноста со вака неажурирани списоци и префрлање на одговорност на некој друг да е виновен да се поминат уште едни избори со оние фамозни 200 илјади гласа кои што од избори на избори ние никогаш не успеавме да ги дефинираме каде се и за кого гласаат. Многу е зборувано околу тоа, јас нема да говорам, меѓутоа факт е дека се појавуваат фамозни 200 илјади гласа кои ги нема, или ги има неправилно ажурирани во списоците. Дали мотивот лежи во 2006 парламентарните избори? Јас лично, а и Либералната партија не може да гласа за измени на законот кој што ќе му даде рок на Министерството и понатаму да си продолжи лежерно со своето неработење и да ја префрла одговорноста на Државниот завод за статистика притоа користејќи го според потребите и наодите во позитивна, или во негативна конотација. Затоа нема да дадам поддршка и Либералната партија ќе гласа против вакво законско решение.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, што да кажам околу овој Предлог закон за изменување на Законот за избирачки списоци освен дека се работи за класично алиби на Министерството за правда што впрочем и е наведено и во самиот предлог во Главата 2, алинеја 5, една од причините гласи господине заменичe, дека добро е да се наведе спроведувањето на локалните избори во 2005 година како причина за неможност за преземање на избирачките списоци. Тоа може да се квалификува како алиби политика на Министерството, чиј заменик сте и дека крајната цел на сета оваа работа се претстојните парламентарни избори, здравје боже, 2006 година, каде што ќе проба да се манипулира со сето она што би требало да биде една квалитетна работа, една реална работа, а се судруваме со низа нереалности, почнувајќи од Заводот за статистика, па преку Министерството за финансии кое треба да биде одговорно за податоците и избирачките списоци кои треба да бидат на јавен увид, за во контекст на заживување на правната држава Република Македонија, а многу далеку сме од тоа. Понатаму ќе ви кажам зошто ова го говорам.

Сето ова што ни се случува station наназад многу години, а и сега, се судруваме со многу непознати работи, да не кажам многу далавери кои се повеќе од очебијни и цело време вината се префрлува во Заводот за статистика, а вие сте матичното министерство кое треба да ги води овие работи. Зошто ова го говорам? Од едноставна причина, од проста логика, за која може ќе дадете објаснување, може нема да дадете објаснување, но ќе гледате да се извлечете од една нелагодна ситуација во која се наоѓате, а тоа се 2, 3 прости работи, логички човек ако ги размислува, говорат само едно дека се јавуваат фазла од 200 и кусур илјади гласачи кои никаде човек не може да ги види, според следната формула, која е многу проста и едноставна. Имавте попис во кој имавте 2 милијона и 30 илјади жители во Република Македонија, гласачи милијон и 750-60 илјади. Господине заменичe, дали ме слушате. Значи разликата се движи некаде 270 до 300 илјади гласови, а имате една сосема друга работа од новороденчиња до 18 години, луѓе кои немаат право да гласаат, бројка од 450 до 500 илјади и во таа проста математика кога ќе додадете и одземете се појавува една фамозна бројка од 200 и кусур илјади гласови, кои не може никој да ги дефинира каде се тие гласови. На некои места се појавуваат два, три пати да гласат исти луѓе, умрени да гласаат, кои се умрени од поодамна, а ги водите во списоците, притоа, велите дека имате формирано некои одделенија, а претпоставувам дека вашето Министерство е една поголема структура, затоа што сметам дека е сериозно, но никако да стигнете до целта да си ги превземете обврските и да си ја преземете одговорноста која утре можат да ја бараат и политичките партии и граѓаните и претставниците од меѓународните организации. Притоа, во една ваша реплика претходно спомнавте дека добивте позитивна оценка од ОБСЕ. Знаете ли колку ме тангира мене позитивната оценка од ОБСЕ?

Апсолутно, уво не ме боли. Вие имате одговорност пред овој Парламент, да, да, вие тоа го кажавте, постојат стенограми, рековте дека ОБСЕ даде позитивна оценка. Позитивната оценка од ОБСЕ апсолутно, мене не ме интересира. Вие како заменик и претставниците на вашето Министерство, одговараат овде пред македонскиот Парламент, а не пред ОБСЕ. Вашето образложение на сето ова што го говорам овде, сакам да излезете овде и да кажете дали вие Флоровски грешите, ова што го говорите не држи вода, или држи вода. Значи поставив три прашања кои се многу битни, може да се смеете, но не е за смеење. Имав една таква ситуација 1994 година, каде што се јавија фамозни 150 илјади гласачи кои гласаат за тогашниот претседател, господинот Киро Глигоров и кои никој не можеше да ги дефинира од каде тие гласачи излегоа. Од каде тие гласачи излегоа. Од каде гласачкиот список во вториот круг се зголеми за 150 илјади гласови. Значи, тука "лежи зајакот". Се припремата за следните парламентарни избори на еден ваков начин. По еден начин на проста математика на прелевање на гласови на јавување на една личност на повеќе избирачки места во повеќе градови, па појавување на умрени десетина години евидентирани дека се починати, па зошто знае кој гласал за нив, така да таа разлика може некаде да се надохнади и она што ќе значи губење на вашите позиции, да не биде толку катастрофално, туку да се доведе во една разумна мерка. Кога говорев за алиби политика, јас незнам зошто ова Министерство и оваа Влада не може да најде вистинско алиби за една ваква политика. Ова што овде го напишавте во Глава 2 алинеја 5, да ви кажеме приказна за мали деца. Во ова не би поверувале и деца од десетина години, затоа што вака ви е нотирано. Добро е да се наведе дека во 2005 година се одржале локални избори. Па што ако се одржале локални избори. Што работи вашето одделение кое требаше вие да го формирате. Ако велите дека е формирано, зошто не заживеало. Ова одделение работи ли? Ако работи нека си ги превземе обврските. Ако не работи, распуштете го, ставете нови луѓе, ставете нова екипа, кои ќе ги превземат обврските вие да ги спроведувате. А не во случај нешто да се случи да крив е Заводот за статистика и генералниот директор Дончо Герасимовски. Тоа се вика алиби политика или покривање на сопствените слабости, поточно кажано неспособности. Друга квалификација јас на ваквата работа не можам да дадам. Да се нуди едно вакво писание со два члена и притоа да ми кажувате дека ОБСЕ ви дало добри оценки, па да ви кажам ОБСЕ ептен многу се потрудило. Да не ви ги читам членовите. А заборавате дека вие секогаш, не само вие како Влада, утре и некоја друга Влада, некоја друга политичка партија ќе одговара пред овој македонски Парламент, без разлика дали пратениците припаѓаат на опозицијата или позицијата, одговорноста ваша овде ќе ја барате. Повикувањето дека некој ви дал подршка, не само мене, верувајте дека и кај сите граѓани во Република Македонија им е дојдено преку глава. Почнувајќи од ОБСЕ, разни меѓународни организации, па НАТО, па Европска унија, верувајте дека преку глава е дојдено. Кога нам ни е дојдено преку глава, од ниввното чукање по рамо, па рамениците ни се искривија, што ќе каже обичниот граѓанин. Тој бара спроведување на законите, бара регуларни избори, бара промена на оваа Влада, бара промена на оваа власт, доаѓање на нова Влада која ќе води една квалитетна економска политика. Овој народ буричка по кантите и не замајувате овдека дека три години вие не можете да ги превземете обврските од Заводот за статистика за избирачките списоци, во една ера на компјутери. Секако тие списоци не ги пишувате рачно. Имате луѓе кои ви ја работат таа работа. Кажете колку луѓе ви брои тоа одделение кое треба да ја превземе оваа работа. 1, 2, 5, 10, 50, 100 ли се. Колку се кажете. Ако не ги бива имате право да ги замените.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски не морате да викате.

**Александар Флоровски:** Се извинувам. Не викам, туку од пракса се обраќам до заменикот министер, бидејки додека јас зборувам, тој зборува со госпоѓата до него, или се смее. Па затоа морам да викам за да му обрнам внимание.

**Љупчо Јордановски:** Да, но јас страдам, бидејки сум до вас.

**Александар Флоровски:** Не сакам да се доведам во ситуација како пратеник овде некој едноставно да си игра со мене. Фала му на Бога, Господ ми дал колку толку ум и разум, ова што го нудите да му дадам квалификација која му ја дадов. Тоа се два члена. Два члена ќе може да се напишат на компјутер за 30 секунди. Вие говорите дека барате уште две години за да ги превземете обврските. За две години ќе дојде некоја нова Влада и таа нова Влада да ја продолжи истата политика. Па ќе наиде на истата критика во ликот на тогашната или идната опозиција. Со право. Значи, доколку некоја идна влада продолжи со истата политика и таа влада треба да добие вакви квалификации дека води алиби политика, дека е неспособна, или тоа Министерство. Или не ги бива луѓето кои што сте ги поставиле. Ако не ги бива, еве ви давам предлог, тоа Министерство претпоставувам е големо, ако не можете во самото Министерство да најдете луѓе, имате еден куп правници, еден куп статистичари кои се без работа. Имате преку 400 илјади невработени, луѓе кои што си го познаваат сопствениот занает. Земете ги, дајте им ја обврската нека ја превземат. А не да барате уште две години. Затоа што 2006 година е година на избори. 2006 септември или октомври месец. "Живеј магаре до зелена трева". Мислам да правите од нас неуки, да правите од нас луѓе кои не ја познаваат проблематиката, а Извештајот на самата комисија земете го, еве, Бонева и Ќахил што велат: "Не

создадовте технички и кадровски услови". Што вели пратеникот од позицијата, господинот Хасипи, дека ваквите констатации на пратениците Бонева и Ќахил, може да се однесуваат на резултатите од пописот. И сега се доведуваме во една сосема друга ситуација за која не е ни време ни ред да говорам. Ќе дојде некоја тема, па ќе говориме за пописот. Да видиме колку е тој валиден и дали е вистинит и дали тој процент од 25% е вистински за да се добијат одредени граѓански права.

**Љупчо Јордановски:** Во право сте, не е време сега.

**Александар Флоровски:** Затоа ќе прекинам. Кажав јас дека не е време. Но јас велам кој беше ставот на еден пратеник од позицијата. Па тој критички се обрати и тоа во присуство на министерката Мери Младеновска. Мене не ми е јасно зошто вас човек кој слабо може да контрира или да парира на пратеницитеве праќаат овде како "жртвено јагне". Мене навистина ми е жал за вас. Но морам да ви го кажам ова. Вашите објаснувања и ова што го говорите, или не држат вода, или се недокажани, или ви се јасни само вам, па никој друг не може да ве разбере. Извинете, не мислев да ве навредам. Тоа е мое лично мислење. Што да кажам друго, освен дека ова е крајно понижувачки што ни го правите. Мислите дека имате работа со мали деца и дека сите овие работи можат така амблок, имајќи предвид дека имате мнозинство дека ќе поминат. Нема смисла ова што ни го работите. Вакви глупави решенија, да не кажам покултурно небулозни решенија, "не држат вода". 5 години да се влече работата, да не може да се заврши, верувајте, да не соберете нас половина пратеници да седнеме да правиме списоци ќе ги направевме, ќе ги дотеравме на рака. Повторно ќе кажам, во ера на компјутеризација, фала богу таа е влезена и во македонската држава. Претпоставувам дека таквите кадри ги има и кај вас. Дајте активирајте ги малку. Земаат ли плата? Ако можат да бидат критикувани пратениците за одредени решенија, можат и службениците да бидат критикувани ако не си ја работат својата работа. Ова се однесува на медиумите. За секој наш настап овде или предлог, пратениците бараат премногу привилегии, па дајте да видиме јавните или државните службеници што работат. Ако ви е формирано одделението, влезете внатре, дајте им обврски, нека си ја завршат работата. Зарем толку е тоа тешко. Зарем толку е тоа тешко при високо образовани кадри, при луѓе со 15, 20, 30-ет годишно искуство. Мислам, треба да престанете со практиката на третман на пратениците како мали деца, или малоумници, или незнам какви квалификации да давaат. Тоа се однесува и на мене. Говорам за пратениците во глобала. Не делејќи ги позиција, опозиција. Притоа ми велите дека ОБСЕ ви дал позитивна оценка.

**Љупчо Јордановски:** Ова е трет пат.

**Александар Флоровски:** Петти пат ќе кажам. Многу ми е гајле за ОБСЕ. Вие овде одговарате пред овие пратеници. Обврската ваша е овде пред овој Парламент. Да, да, може да се смеете. Или треба по шестти пат да ви кажам за да сватите, која е мојата суштина и моето говорење овде. Повторно не ме разбравте? Повторно ќе ви повторам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски ако се обраќате до заменикот министер, можете на само да му кажете и десет пати.

**Александар Флоровски:** Знаете, нормална ќе биде комуникацијата ако тој не ви се смее цинички во очи. Тоа ме погодува. Зашто и јас можам да бидам циник, да бидам безобразен, да бидам крајно нетолерантен, а пробувам да бидам конструктивен максимално во име на она што го нудите, да биде поиздржано.

**Љупчо Јордановски:** Имате уште 6 минути до пауза.

**Александар Флоровски:** Ќе завршам јас, ќе се повлечам. Сакам да ми одговорите, ако сакате да ми одговорите, тоа е ваше право, не можам да инсистирам. Ако не ми одговорите за сето она што не само јас туку и пратениците кои претходно говореа, се апсолутно во право.

Значи, барам објаснување од каде е таа фамозна бројка од 10 илјади. Од каде е таа? На земја, умрени, живи, во воздух, каде се тие луѓе, иселени, се прелеваат од Косово во Македонија, од Албанија, прават кругови да се прикаже некоја поголема бројка. Јас отворено ќе ви кажам дека и таква работа постои. И не се плашам да ви го кажам тоа. Одговорете ми на овие прашања. Не само јас, туку и грото од пратениците тоа го бараат. Тука ќе завршам. Благодарам господине претседателе. Мојот настап не беше ниту нервозен, не беше ниту со некоја намера, колку да ми обрне господинот заменик внимание, а не да си прави муабет. Затоа вака малку го покренав тонот.

**Љупчо Јордановски:** Не сте вие нервозни, тоа е вашиот стил.

**Александар Флоровски:** Мојот стил е таков каков што сакам јас да биде и во даден момент.

**Љупчо Јордановски:** Инаку како што рековте за математиката е проста, јас би рекол едноставна, но не ви е точна. Мислам дека заменик министерот ќе ви објасни.

**Субхи Јакупи:** Повторувам како што кажав и на пратеничката Бонева за причините и во воведното излагање, меѓутоа, да не се сфатиме погрешно, тоа што реков за извештаите на ОБСЕ, кажав за избирачкиот список. Така да немавме критики, можете да ги прочитате и на англиска верзија и на македонска, како сакате. Ќе видите дека Министерството за правда ги водел како што треба и нема никаква критика.

Но, вие како пратеник со такво обраќање до мене и од порано уште, мислам дека добро е што не се

бара лекарско уверение, па тогаш незнам дали вие ќе бидете пратеник.

**Љупчо Јордановски:** Замениче министре ја претеравте, сега, он никако не се обраќа, се обраќа, зато мислам дека во иднина нема да ви дадам збор.

**Александар Флоровски:** Господине замениче министре, само едно ќе ви кажам. Ако некогаш јас сум го повишил тонот, тоа било за да ми обрнете внимание. Значи не од други причини. Инаку ако говориме за лекарските уверенија, па вака ако се погледнеме...

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, ве молам, не спомнувајте лекарски уверенија.

**Александар Флоровски:** Не го спомнав јас тоа, тој го спомна. Ако се видат антрополошки работите секој може да процени кој со колкав капацитет располага.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Бидејки нема пријавени за дискусија, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, пред пауза да го изгласаме заклучокот.

(Се слуша дофрлање од место)

Во ред, пауза до 15,00 часот.

**(**По паузата седницата започна со работа во 15,05 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Поминуваат минути на чекање)

Уште еднаш ги замолувам пратениците да влезат во салата веќе седум минути е поминато од 15,00 часот, треба да пристапиме кон гласање на заклучокот.

(Пак поминуваат минути на чекање)

Бидејќи помина академската четврт, ги вклучувам десетте минути време за кворум.

(Минуваат минути во чекање кворум)

Само да ве потсетам на 13 септември е Законот за пратеници.

Оправдано отсутни нема толку многу, за да нема кворум овде. Сто и неколку луѓе се потпишани, према тоа овде мора да има кворум барем од позицијата. Немам намера да читам тоа новинарите ќе го дознаат и онака и овака.

Благодарам. Сега имаме 61 пратеник.

Значи на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Закон за избирачки список и ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 55 за, нема воздржани, 2 против.

Констатирам дека во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Гласале 58 пратеници, 57 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, 58 гласале, 57 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за избирачкиот список.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 15,20 часот.)